*Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”*
Филозофски факултет - Скопје
Институт за дефектологија

# АГРЕСИВНОСТ И НАСИЛСТВО КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ ВО ПОСЕБНИТЕ И РЕДОВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

-магистерски труд-

446 3097
8 04 2014
ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

Кандидат:
Мелита Милевска-Богатинова

Ментор:
Проф. д-р Зоран Киткањ

Скопје
2014

# Содржина

Содржина....2
Резиме....5
Abstract....7
Вовед....9

**I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ........10**

**1. Дефинирање на поимот агресија....10**
1.1 Поим за агресија....10
1.2 Теории за агресија....12
1.3 Видови агресија....15
1.3.1 Видови агресија според причините за нејзина појава....15
1.3.2 Видови агресија според нејзиниот мотив....16
1.3.3 Видови агресија според начинот на изразување....16
1.3.4 Видови агресија според објектот кон кој е насочена....17
1.3.5 Видови аресија според начинот, целите и исходот на агресивното однесување....17
1.4 Развојни фази на агресијата....19

**2. Дефинирање на поимот насилство....22**
2.1 Дефиниции за насилство....22
2.2 Видови насилство....25

**3. Адолесценција, поим и карактеристики....29**
3.1 Адолеценти со посебни потреби и нивни карактеристики....31
3.2 Агресивноста и насилството кај адолесцентите....32

**4. Ризик фактори за насилно и агресивно однесување кај младите........35**
4.1 Структура на личноста на малолетникот и неговата интелегенција....35
4.2 Семејството како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство..38
4.3 Училиштето како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство...42
4.3.1 Препознавање на насилниците во училиште....47
4.4 Медиумите како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство...48
4.4.1 Тв-медиуми....49
4.4.2 Електронски медиуми....51
4.5 Општествена дезорганизација....53

**5. Релевантни истражувања....56**

**ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**......58

1. Методологија на истражувањето...... 58
   1.1 Предмет на истражувањето...... 58
   1.2 Цел и карактер на истражувањето...... 58
   1.3 Задачи на истражувањето...... 58
   1.4 Хипотези...... 59
   1.5 Варијабли на истражувањето...... 60
      1.5.1 Независни варијабли...... 60
      1.5.2 Зависни варијабли...... 60
   1.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето...... 60
   1.7 Примерок и место на истражувањето...... 62
   1.8 Статистичка обработка на податоците...... 66
   1.9 Организација и тек на истражувањето...... 67
2. Резултати од обработка на хипотезите...... 68
   2.1 Се претпоставува дека учениците со посебни образовни потреби во помал обем и со послаб интензитет манифестираат насилно однесување ...... 68
   2.2 Се претпоставува дека кај сите ученици доминира психичкото насилство...... 76
   2.3 Директната агресија и насилството се најчесто манифестирани форми на однесување...... 79
   2.4 Учениците од машки пол во поголем степен манифестираат насилничко однесување...... 81
   2.5 Манифестирањето на насилничкото однесув учениците од различните етнички групи е пропорционално на нивната процентуалната застапеност во училиштата...... 84
   2.6 Учениците со насилничко однесување постигнуваат послаби училишни резултати (училиштен успех, редовност и поведение)...... 86
   2.7 Најголем број од учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од родители со ниска образовна структура...... 88
   2.8 Учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од дисфункционални семејства...... 92
   2.9 Претпоставуваме дека учениците со нарушено поведение потекнуваат од семејства со неадекватни семејно-материјални можности...... 94
   2.10 Неадекватното користење на социјалните мрежи (facebook, My Space, Linkdin, twitter, Hi5) го зголемува насилството и агресивноста кај младите...... 96
3. Заклучоци и препораки...... 98
   3.1 Заклучоци...... 98
   3.2 Препораки...... 101
4. Литература...... 104

**III. ПРИЛОЗИ**...... 114

Полуструктуирано интервју за стручните соработници...... 114
Прашалник наменет за учениците...... 116
Прашалник наменет за класните раководители...... 120

Благодарам на сите кои несебично помогнаа за изработката на магистерскиот труд: проф. д-р Зоран Киткањ, проф. д-р Горан Ајдински и доц. д-р Софија Георгиевска.

Овој труд го посветувам на
сопругот **Боривоје** и синот **Максим**

# Резиме

**Мелита Милевска-Богатинова.**
**Магистерски труд: Агресивност и насилство кај адолесцентите во посебните и редовните средни училишта.**
**Филозофски факултет: Скопје, 2014,1-125.**

**Вовед:** Појавата на агресивно и насилно однесување меѓу помладите деца и адолесцентите е дел од нашето секојдневие. Зголемувањето на појавата е поврзана со комплексна меѓуигра на индивидуални, релациски, социјални, културни и средински фактори. Овој труд ги објаснува поединечните карактеристики на различните фактори кои се одговорни за етиологијата на овие асоцијални однесувања.

**Цел:** Основната цел на ова истражување е утврдување на формите и облиците на насилство и агресија кај адолесцентите од посебните средни училишта споредени со оние од редовните средни училишта, како и ризик факторите кои ја иницираат нивната појава.

**Методологија:** Во трудот се користеа повеќе методи и техники за добивање на податоци од испитаниците: **анкета** (преку примена на прашалници за учениците и класните раководители со кои се испитуваа формите и видовите на агресивност и насилство кај учениците) и **полуструктуирано интервју** за членовите на стручниот тим со кое се ипитуваа ризик факторите кои го поттикнуваат ова асоцијално однесување. При анализа на резултатите се користеа т-тест на статистичка значајност и АНОВА за утврдување на разликите меѓу групите, а за да се утврди поврзаноста на варијаблите — Пирсонов коефициент на корелација. За статистички значајна разлика беше земена предвид разликата на ниво на значајност од $p<0,05$.

**Резултати:** Анализата покажа дека учениците со посебни образовни потреби во помал степен и со послаб интензитет манифестираат насилно однесување во однос на нивните врсници од редовните училишта. При испитувањето на начините на манифестирање на насилството и агресијата се покажа дека индиректната агресија

и насилството доминираат кај сите ученици, со исклучок на учениците со интелектуална попреченост. Резултатите кои, пак, се однесуваат на ризик факторите кои го поттикнуваат ова однесување покажаа поврзаност на лошите семејно-материјални можности, дисфункционалноста на семејствата и ниската образовна структура на родителите со појавата на агресивно и насилно однесување кај учениците.

**Заклучок:** Адолесцентите кои се во процес на созревање и формирање на идентитетот и животните ставови се најподложни на насилно решавање на проблемите. Неопходно е зајакнување на воспитната компонента на училиштето како воспитно-образовна установа, активно вклучување на родителите во изработка и избор на мерки и активности за спречување на насилството преку служби од локалната самоуправа, невладини организации и училиштата. Понатаму треба да се интензивира соработката на центрите за социјална работа со училиштата, и нивна интервенција во семејствата со социјален ризик. А општеството да создава услови за квалитетно растење на учениците во семејството и усвојување на општествено-прифатливи облици на однесување.

**Клучни зборови:** *агресија, насилство, адолесценти, училиште, ризик фактори.*

## Abstract

**Melita Milevska-Bogatinova.**

**Bachelors work: Aggressiveness and Violence at adolescents within special and regular high schools.**

**Faculty of Philosophy: Skopje, 2014,1-125.**

**Introduction:** The appearance of aggressive and violent behavior among jouveniles and adolescents is part of our current daily life. An increase in this appearance is related with a complex interdependence of individual, relational, social, cultural and environmental factors. This study describes all the separate characteristics of each of the different factors which are responsible for the etiology of these antisocial behaviors.

**Purpose:** The basic aim of this research is to determine the forms and types of violence and aggression with adolescents from the special high schools compared with the ones coming from the regular high schools, as well as the risk factors that initiate their appearance.

**Methodology:** This work applies more methods and techniques for extracting informational data from the respondents: **poll** (through the use of questionnaires for the students and class teachers that were used to examine the forms and types of aggressiveness and violence with students) and also a **half-structured interview** for the members of the Expert Team where high risk factors that reinforce this antisocial behavior were examined. During the phase of analyses of the results, t-test for statistical importance and ANOVA for determining the differences between the groups were used, and in order to understand the connection and dependencies between the variables, the Pearson's coefficient of correlation was used. For a statistical difference of importance, a difference on a level of $p<0,05$ importance was calculated.

**Results:** The analyses has shown that the students with special educational needs manifest smaller degree with less intensity of violent behavior than their peers from regular schools. During the examination of the manners of manifesting the violence and

aggression it has shown that the indirect aggression and violence are dominant with all of the students, with exception of the students with intellectual disability. The results that cover the risk factors that enforce this behavior have shown a connection between the insufficient social occasions, dysfunctional family forms with low educational structure of the parents where there children manifest aggressive and violent behavior.

**Conclusion**: Adolescents that are in the process of maturing and forming the identity of their life styles and criteria are among the ones that are highly aggressive when dealing with their problems. It's completely necessary to strengthen the educational component with schools as responsible institutions, actively involvement of parents through selection and development of measures that would prevent violence through the service of the local governance authorities, non-governmental organizations and schools. Furthermore there needs to be an intensified collaboration of the centers for social work with schools, and their intervention in the families with social risk. The society needs to create good environment for quality progress and self-development of the students throughout their family life and to guide them towards adoption of socially acceptable forms of behavior.

**Key words**: aggression, violence, adolescents, school, risk factors.

## Вовед во истражувањето

Насилството претставува дел од нашето секојдневие. Постојано слушаме вести за насилно однесување и злосторства во одредени блиски или далечни подрачја коишто ни влеваат чувство на несигурност и беспомошност. Самите родители живеат во страв и немоќ да се изборат за сопствена заштита и заштита на своите деца од насилство.

Зголеменото ниво на насилство кај децата и младите претставува сериозен научен и социјален проблем којшто не ги заобиколува и високо развиените држави. Според теориите на насилство причините и порастот на оваа неприфатлива форма на однесување кај младите се разликуваат од држава до државаа, но како најзначајни фактори на ризик во повеќето држави се вбројуваат: распаѓање на семејствата, општествено-економски и политички превирања, трансформација на капиталот, ритамот и темпото на живот, насилство на ТВ-програмите, трговијата со луѓе и со дрога, формирањето на криминални банди како и неадекватната и неблаговремена реакција и отсуството на координација помеѓу надлежните институции.

Состојбата и во нашата држава е загрижувачка. Имено, во 2011 година за неполна недела во основните и средните училишта во Скопје и внатрешноста на државата се случија повеќе училишни пресметки кои сериозно ги вознемирија не само родителите и училиштата туку и сите релевантни фактори кои директно или индиректно се занимаваат со оваа проблематика. За жал, обемот и динамиката на училишното насилство и понатаму продолжува во ист континуитет, чии последици во одредени случаи имаат смртоносен исход.

Живеејќи во услови на експанзија на агресивното и насилното однесување кај младите, важно е да се спаменат причините за ваквата појава: биолошки, социјални, културни, економски и политички. Кои од наведените ризик фактори имаат доминантно влијание во појавата на агресивни намери и насилно однесување кај адолесцентите и на кој начин го манифестираат истото, ќе утврдиме преку следново истражување.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Дефинирање на поимот агресија

### 1.1 Поим за агресија

Зборот **агресија** потекнува од латинскиот збор ***ad***-кон и ***gradus***-чекор, што во буквален превод означува ,,чекор кон нешто", а во поширока смисла на зборот се подразбира активност која е насочена кон постигнување на одредена цел. Во контекст на ова примарно одредување на поимот се отфрла неговото негативно значење, коешто во секојдневниот говор со себе носи предзнак на општествено негативно, деструктивно и антисоцијално однесување (Veljić, 2009:211-212).

Оттука поимот агресија може да се разгледува од два различни аспекти: агресивност и агресивно однесување:

- Кога се зборува за агресивност најчесто се мисли на вроден биопсихолошки мотив (нагон или потреба) на личноста за борбеност, енергичност, потреба за афирмација и непречено задоволување на основните животни потреби.
- Додека, пак, вториот аспект поимот агресивно однесување го одредува како однесување кое се манифестира како нагон, настроеност, лутина, непријателство и напаѓање на поединец, објект, територија или група, чија цел е намерно *предизвикување штета*. Ваквиот акт за да се означи како агресивен потребно е во него да се препозне *свесна намера* на лицето за уништување, повредување или омаловажување на другиот (Larsen and Buss, 2008:275-276).

Во суштина, агресивното однесување опфаќа широк спектар на специфични однесувања чие што заедничко обележје им е нанесување штета или повреда на други лица и/или предмети, како и самата немера да се предизвика штета.

Во зависност од образовниот профил на авторите кои се занимаваат со оваа проблематика имаме различно детерминирање на агресијата како индивудуална или општествена појава. Сите овие дефиниции меѓусебно се разликуваат, спротивставуваат и дополнуваат и во зависност од тоа кон кого е насочена и со каква цел, разликуваме неколку облици на агресија, кои ќе бидат подетално објаснети во дефинициите за агресија кои понатаму следат.

***Жарко Требјешанин*** во својот психолошки речник поимот агресија (лат.agressio=напад) го дефинира како постапка, со која намерно или ненамерно, се нанесува повреда на некој објект (човек, животно или предмет) и се предизвикува повреда или штета врз објектот. При тоа самиот чин на агресија доведува до појава на чувство на страв, бегство, гнев или борбено однесување. Додека, пак, поимот агресивност (лат.ad = кон, насочен и grador = оди, се движи) го опишува како присуство на биолошки или психолошки мотив на една личност, кој од една (позитивна) страна може да означува борбеност, енегричност, потреба за афирмација и моќ, а од друга (негативна) страна претставува склоност за рушење, повредување или понижување на другиот (Trebješanin, 2001:15).

***Пиеро Џорџ,*** под поимот агресија подразбира поведение со кое се нанесува штета на друго лице поради задоволување на своите егоистични цели или целите на групата на која и припаѓа. Овие цели во даден момент се оправадни ако се земат во предвид потребите од храна, одбрана и други корисни средства. Оттука, агресивноста ја дефинира како предиспозиција на човекот за избор на агресивни и други алтернативни поведенија (Giorgie, 2009:97).

Според ***Жужул*** (Žužul,*1989*), агресивноста претставува чин на однесување или реакција со која намерно на некој или на нешто се нанесува штета или повреда (од физика или психичка природа) при што таквата намера не мора целосно да биде реализирана.

Слично на објаснувањето на Жужул, ***Берковиц*** (Berkowitz, 1988) агресивноста ја дефинира како секое однесување (физичко или вербално) спроведено со намера некој да биде повреден и истиот да се здобие со последици од психичка или физичка природа (Björkqvist, 2001:272-274).

***Лонг и сор***. (Long&Brendtro, 1993) ја дефинираат агресијата како спонтан импулсивен акт на лутина. Агресијата е всушност видливо однесување со кое личноста може да игнорира, да заплашува или да повреди друга личност или пак да уништи објект. Таа е непланирана и обично се случува за време на стрес. На неа најчесто се гледа како на губење на самоконтролата.

Еден од прифатливите пристапи во одредувањето на поимот агресија, според ***Рот*** (Rot, 1981) е следниов: *Агресивност претставува такво однесување чија цел е повредување или нанесување штета на другиот, независно од тоа дали намерата постоела од самиот почеток или се јавила при самата рекција на*

*определена ситуација; дали евидентно се изразува преку постапките кои се директно насочени кон луѓето или постои само желба некој да биде повреден.*

Од социолошки аспект, ***Ацески*** и ***Корубин*** агресивноста ја детерминираат како тенденција или својство на некоја личност во општественото поведение да напаѓа или повредува друга личност. (Корубин&Ацески, 1995:16)

Од кривично правен аспект ***Арнаудовски*** (Арнаудовски, 2007:722) агресијата ја одредува како склоност на поединецот кој заради решавање на своите проблеми или задоволување на своите потреби прави напад по животот или личниот интегритет на друго лице.

Според уредниците на рускиот криминолошки речник (***Салъникова***, 1999: 6) агресијата се дефинира како дејство на субјектот (воден од негативните емоции како што се бес, непријателство или омраза) да нанесува физички повреди или психички немир на другите луѓе.

Исто така, одредени теоретичари агресивноста ја третираат како пореметување во однесувањето кое претставува сериозна закана по интегритетот на личноста, но и за самото општество. Па така ***Есо*** и ***Конрад*** (Essau&Conradt, 2006) ја даваат следната дефиниција: агресивно однесување е секое однесување кај кое имаме намерно нанесување штета на некој или на нешто, нелагодност или повреда или безусловно и бескомпромисно наметнување на сопствените идеи и ставови како единствено точни.

Според ***Бас*** (Buss), агресивноста е таков вид реакција или однесување кое настанува по пат на делување на штетни стимулации или други влијанија од надворешната средина, согласно теоријата на бихејвиористите (Obrenović, 2008).

## 1.2 Теории за агресија

Голем број истражувања се обидуваат да дадат научно објаснување на феноменот агресивност. Како резултат на тоа се јавуваат многу теоретски концепти и во зависност од етиолошкиот фактор кој го проучуваат разликуваме пет групи:

- *Инстинктивистички теории за агресивно однесување*

Сите теории кои спаѓаат во рамките на оваа група имаат заедничка теза според која агресивното однесување на човекот кое се манифестира во војна,

криминални дејствија, индивидуални кавги и сите други видови на деструктивно однесување, произлегуваат од филогенетски програмиран, вроден инстинкт кој има за цел олеснување и манифестирање во даден момент. (Фром,1989) Двајца најпознати претставници на идејата за биолошката предодреденост на агресивното однесување се Сигмунд Фројд и Конрад Лоренц.

*Инстинктивистичката теорија на Фројд*, поимот агресивност го објаснува преку дејствувањето на двата вида инстинкти кои го движат целокупното функционирање на човекот. Овие два вида инстинкти истовремено егзистираат како два потполно спротивни, но и надоплонувачки инстинкти, како ,,инстинкт на живот (Ерос)“ и ,,инстинкт на смртта (Танатос)“. Поради постојаната желба на човекот за уништување и самоуништување која се должи на дејството на Танатос, се врши нејзино блокирање и ублажување на деструктивната енергија, благодарение на животниот инстинкт — Ерос. Според оваа теорија, која не е научно докажана, човекот воден од своите нагони е предодреден да ги уништува другите, а со тоа веројатноста за автоагресија се намалува (Fromm, E. 1989).

Покрај Фројд, значаен придонес во разбирањето на феноменот агресивност има *Конрад Лоренц* (Konrad Lorenz). Тој поаѓајќи од личните познавања за однесувањето на животните ја објаснува агресијата како нагон неопходен за опстанок на човековиот вид и негов двигател. (Lorenz, 2007)

- *Бихејвиорална теорија за агресивно однесување*

Наспроти размислувањата на инстиктивистите, бихејвиористите ја подржуваат тезата дека агресијата и агресивното однесување се резултат на влијанието на надворешните фактори. Според нив човековата природа е добра, но лошото воспитание, лошите институции и останати надворешни фактори го прават човекот лош. Затоа општеството треба да придонесе во формирањето на „добар човек“ и со тоа да дозволи да дојде до израз неговата „добра природа“ (Fromm, 1989).

- *Биолошка теорија за агресивно однесување*

Биолошките теории ја објаснуваат агресијата како резултат на функционирањето на одредени биолошко-физиолошки структури во организмот. Различни теории од оваа група повеќе или помалку го нагласуваат влијанието на

гените, хормоните и специфичните центри во мозокот. Оттука произлегуваат три насоки:

Влијанието на *генетските фактори* ги обработувал Жужул (1989) правејќи корелација меѓу агресивноста и супермашкиот (XYY) синдром. Но, поради тоа што овој синдром е премалку застапен во популацијата не може систематски да се докаже неговата поврзаност со овој феномен (Арнаудова, 2012:111).

Влијание на одредени *мозочни центри*. Експерименталните истражувања вршеле директна електрична стимулација на хипоталамусот, амигдалните јадра, некои делови на мезенцефалон и централни делови на сивата маса и со нивно дразнење дошло до појава на напади на агресија (Obrenović, 2008).

Како резултат на влијанието на *хормоните и невротрансмитерите,* агресивното однесување е базирано на зголемувањето на машкиот полов хормон тестостерон, па оттука се објаснува зголемената преваленција на агресивност кај лицата од машки пол. (Арнаудова, 2012:111)

- *Фрустрациска теорија за агресивно однесување*

Приврзаниците на *фрустрационата теорија* (Долард, Доба, Милер, Маурер и Сиарс) ја нагласуваат фрустрацијата како главен предиктор за агресивна реакција на индивидуата. Таа е иницирана поради оправдано или неоправдано ограничување на поединците во задоволувањето на своите потреби и мотиви од биолошка, психолошка или социолошка природа. Последици од тоа се обземеност на чувство на страв, гнев и напнатост кои постепено се акумулираат и во даден момент се празнат во вид на агресивно однесување (Атанасовски, Стојановска, 2010:62)

Берковиц проучувајќи ја оваа теорија направил модификација на истата, велејќи дека фрустрацијата не предизвикува директна агресија туку емоционална состојба на лутење која под влијание на надворешните фактори и присуство на фрустрирачка ситуација може да прерасне во агресивност (Bjorkqvist, Ekman, Lagerspetz, 1982:307-313).

- *Теории на социјално учење за агресивно однесување*

Наспроти досегашните сфаќања, претставниците на *теоријата на социјалното учење* (Bandura, Volters) агресивноста ја дефинираат како научен облик на однесување која се јавува како реакција на одредени средински ситуации, но

може да настане и без претходни емоционални промени. Бандура како најзначаен нејзин претставник, појаснува дека доколку средината го наградува агресивното однесување, а агресорот станува позитивен модел за набљудувачот тогаш тој го усвојува како социјално прифатливо однесување. (Арнаудова, 2011:109; Mejovšek 2002:121-123)

Исто така, во рамките на оваа теорија се издвојува ставот на одредена група теоретичари, кои мислат дека агресивната енергија која се создава во организмот доколку не биде ослободена преку социјално прифатливо однесување, неизбежно е деструктивно и разурнувачко однесувње на човекот преку агресивен напад кон други лица (Атанасовски, Стојановска, 2010:59).

- *Когнитивни теории за агресивно однесување*

Овие теории денес се земаат како најприфатени, а во оваа група најмногу се истакнува *атрибуциската теорија*. Според неа, дали личноста на фрустрацијата реагира агресивно зависи од интензитетот на намерата за провокација на лицето или објектот кој произведува фрустрација и околностите под кои се манифестира. Во суштина овие теории како појдовна точка во етиолошкото одредување на агресивноста ги земаат личните доживувања, перцепции и интерпретации на случувањата во средината кои го определуваат ова однесување (Aronson, Wilson, Akert, 2010).

## 1.3 Видови агресија

Агресивното однесување претставува сложена појава со која се занимавале голем број автори од различни научни области. Во контекст на тоа постојат повеќе различни критериуми врз чија основа може да се изврши поделба на агресивното однесување:

### 1.3.1 Видови агресија според причините за нејзина појава

Според овој критериум Жужул разликува *експресивна (импулсивна) и интструментална (интенционална)* агресивност.

**Импулсивната** или уште ја нарекуваат бенигна агресија, настанува поради емоционални фактори и претставува најнепосредна реакција на провокација,

фрустрација, навреда и слично. Во ситуација на присуство на когнитивни (сознајни) фактори кога агресијата делува како инструмент со кој поединецот сака да ја постигне целта велиме дека доаѓа до **инструментална** или малигна **агресија.** (Žužul, 1990:77-86; Žužul, 1986:123-144; Žužul, Knezvič, Šakič, 1989:201-206).

### 1.3.2 Видови агресија според нејзиниот мотив

Агресијата како неприфатлива форма на однесување, според Фром може да биде *бенигна — биолошки адаптивна и малигна — биолошки неадаптивна.*

**Бенигната** се јавува како реакција при загрозување на основните животни потреби (ограничување на слободата, загрозување на нашиот живот или животот на нашите блиски лица и сл.). Овој вид агресија е филогенетски програмирана, заедничка за луѓето и животните и се јавува како импулсивен напад врз оние кои ги загрозуваат нашите витални интереси.

Другиот вид агресија се јавува само кај човекот, не е генетски програмирана и нема одбрамбена функција. Наспроти тоа, таа е деструктивна или **малигна** — агресија која делува штетно за нејзиниот носител и околината во која се манифестира. (Fromm, 1976:96-117).

### 1.3.3 Видови агресија според начинот на изразување

Во рамките на оваа поделба разликуваме два вида на агресија:

**Латентната агресија** е релативно трајна и стабилна карактеристика на поединецот, каде личноста успева да ја инхибира нејзината манифестација со сопственото однесување. Но, при зголемен извор на фрустрација се јавува емоционална тензија и можност за директен напад на провокаторот.

**Експлозивно-манифестна** агресивност се јавува како физички или вербален напад кон изворот на фрустрација, при тоа таквиот агресивен импулс кој бурно се манифестира кратко трае и не мора да остави последици. Бидејќи истиот не е во состојба да се инхибира, оттука произлегува дека манифестната агресија е „алатка“ на латентната агресија.

**Имползивно-манифестна** агресивност е редок начин на изразување, но затоа долго се памети. Последиците од овој вид може да бидат многу опасни и застрашувачки, особено изненадува тоа што вршителите се релативно смирени и

стабилни личности од секојдневниот живот кои за миг знаат да изреагираат неконтролирано деструктивно (Žužul, 1989:101).

### 1.3.4 Видови агресија според објектот кон кој е насочена

Според овој критериум агресијата може да биде директна и индиректна.
**Директна** агресија (Buss), ја определува како непосредно нанесување болка или штета на другите или на себе.
А **индиректната** агресија, примена на вербален напад (озборување, лаги, игнорирање, исклучување, анонимни јавувања, заканувачки пораки и сл.) на други објекти или лица кои не се првобитна цел на агресијата. Причината за ваквото преместување на агресивноста е стравот од директно спротивставување на главниот извор, бидејќи тоа може да предизвика изрекување на одредена санкција. Или пак, се работи за усвоен начин на насочување на агресијата кон други лица. На ваков начин многу тешко може да се препознае агресорот бидејќи не е директно вклучен, и не ретко последиците од овој вид се подеднакво болни и опасни како при директната агресија (Keresteš, 2002:53).

Првите истражување за индиректна агресија ги направила Фешбах (1969), која што го објаснува како социјално отфрлање и исклучување на личноста (Björkqvist, K., 2001).

### 1.3.5 Видови агресија според начинот, целите и исходот на агресивното однесување

Во рамките на оваа поделба разликуваме проактивна и реактивна (хостилна) агресивност.
**Реактивната** агресивност претставува таков облик на агресивно однесување кој се јавува како одговор на некои ситуациски услови (пр. провокација или фрустрација) и следено е се интензивни физиолошки возбудувања кои најдобро може да се објаснат по пат на фрустрационите теории за агресивност.
**Проактивното** агресивно однесување претставува намерно и планирано однесување за да се постигне одредена цел, тука отсуствува провокацијата и е со намалена физиолошка возбуда. Ова однесување е контролирано од надворешните фактори, па најдобро може да се разгледува кај социјалните теории за агресивното однесување (Essau, Conradt, Petermann, 2000:97-108).

Според една од најпознатите и најчести поделби постојат три вида агресија:

- **Физичко** агресивно однесување кое се карактеризира со напад на поединецот на група луѓе или напад на група (пр. сите видови удари, намерно туркање, кршење и сл.).
- **Психолошко-вербално** агресивно однесување кое се изразува преку вербални навреди, понижувања, дофрлувања, уцени, закани, исклучувања и сл.
- **Социјална** или **индиректна** агресивност е онаа која повредата или штетата ја нанесува посредно преку загрозување и ограничување на социјалните ситуации (пр. исклучување од врсничката група, нарушување на угледот на другите, ширење лаги или прекинувања на пријателства).

Физичката и вербалната агресивност припаѓаат на групата директни облици на агресија, бидејќи агресорот директно ја нанесува штетата. Според истражувањата правени во последните години овие облици на директна агресивност се подоминантни кај момчињата, додека, пак, девојчињата се поагресивни кога се работи за социјална или индиректна агресија (Кнежевић, 2008:658-659).

Овие три вида агресија прават една тријада чиј развој го следи човековиот развој. Уште во текот на периодот на рано детство децата сè уште немаат доволно развиени вербални и социјални вештини и примарна им е физичката агресивност. Со развојот на вербалните способности во училишниот период им се зголемува репертоарот на агресивни реакции, а подоцна со социјалниот развој започнуваат со примената на покомплексни облици на изразување на агресивноста, а тоа е премената на индиректна и супституирана агресија (Björkqvist, 2001).

Во DSM-IV класификацијата (APA, 1994), агресивното однесување припаѓа на категоријата нарушувања во однесувањето и нарушувања на пркосење и спротивставување. Според неа овие антисоцијални однесувања се поделени на четири подрачја:

- Агресивност насочена кон луѓе и животни;
- Уништување на имотот;
- Измами или крадење и
- Сериозно кршење на правилата (Essau, Conradt, Petermann, 2009:28).

Според оваа класификација категоријата нарушување во однесувањето се јавува кога лицето е помладо од 18 години и покажува одреден збир на симптоми во

кои спаѓаат: агресивно однесување, кршење на правилата и уништување туѓ имот, со кои се кршат значајни општествени норми и се повредуваат правата на другите. Доколку лицето наполнило 18 години и покажува се поголем број симптоми на антисоцијално однесување, тогаш се исполнуваат критериумите за хроничност и интензитет како и услов за дијагностицирање на пореметување во однесувањето (Wenar, 2003).

Според Кајзер, разликуваме повеќе степени на агресија:

- **Агресија** што се јавува само **во мислите**, со тоа што човек е бесен и готов за напад, но уште не може да се соземе;
- **Вербална агресија** која се појавува преку пцости и викање, а може да доведе и до навредување;
- **Агресија против предмети и животни** со деструктивно влијание;
- **Агресија против** луѓе се до умислен деликт на убивање. (Кајзер, 1996:320).

## 1.4 Развојни фази на агресијата

Долго време се мислело дека во периодот на рано детство отсуствува агресијата кај малите деца. Меѓутоа ваквото верување не е издржано бидејќи агресивни нагони се забележуваат уште од првите денови на животот. Истражувачите докажале дека кај бебињата чии потреби за доење не се задоволени покажуваат агресивни нагони, пр.гризење на мајчините гради.

Агресијата како развојна карактеристика започнува уште во *раниот инфантилен* период. Во овој период децата иако не се когнитивно способни намерно да нанесат штета, тие сепак манифестираат примарни знаци на агресија изразени преку удирање, гризење и останати реакции на бес кои се најчесто предизвикани од потребата за задоволување на основните биолошки потреби: храна, сон, дефекација, внимание и останати рутински активности (Caplan, Vespo, Pedersen, Hay, 2011:62).

Овој вид т.н „**нормална агресија**" која започнува уште во доенечкиот период продолжува и понатаму да се манифестира во периодот на *рано детство (1-6 година)*. Така на пример во 2-3 година детето почнува да изградува одредени делови на личноста, под влијание на социјалната средина и полека да го усвојува социјалниот простор. Сега веќе когнитивните и емоционалните капацитети

достигнале доволен степен на развој за детето да започне да ги забележува причинско-последичните врски меѓу своето однесување и реакциите на луѓето од непосредната околина. Во овој период детето знае дека одредени зборови и постапки предизвикуваат различни реакции кај возрасните. На таков начин тие користејќи ги ваквите средства успеваат да ги испровоцираат своите родители со што може да се види присутноста на ***инструменталниот облик*** на агресивно однесување (Björkqvist, 2001). При тоа доколку околината не реагира на агресивните реакции на детето истото продолжува со нивно повторување.

Понатаму и во четвртата година сè уште преовладува овој облик на **инструментална, физичката** и **директна** агресија, главно изразена преку непријателството и несогласувањета на децата со нивните врсници. Нивната агресивност често пати се јавува поради стремежот за поседување на работи кои ги има некои друго дете или пак поради одземање на играчката со која играат и останати предмети кои им го привлекуваат нивното внимание.

Со развојот на детето и неговото созревање тоа се повеќе учи како да управува со својата агресија. Во почетокот на шестата година, односно со доаѓањето на периодот на *средно детство* покрај отворениот ***директен облик*** на агресија (навреди, тепање, тужакање) се повеќе доаѓа до израз **реактивната** и **проактивната** непријателска агресивност (Koolen, Poorthuis and Aken, 2011).

*Проактивниот вид* е намерна и планирана непријателска реакција која е поттикната од натпреварувачкиот дух на ученикот да ги надвладее другите деца и со тоа да доживее чувство на поголема вредност. Спротивно на ова, при *реактивната агресивност* учениците имаат слабо развиена способност за совладување и обработка на социјалните информации (ситуации, однесувања) која произведува непријателска агресија придружена со осветољубиви елементи насочена кон нивните врсници и другите лица, кои по свое мислење ги перцепираат како противници кои заслужуваат да бидат казнети (Dodge, според Essau, Conradt и Stipančić, 2009:18-23)

Досегашните форми на агресија во *периодот на адолесценција* стануваат сè посериозни и побројни, со силно изразена доминација на **вербалната** и **индиректната агресивност**. Карактеристични знаци и форми на индиректно агресивно однесување кај адолесцентите се: ширење лаги, сарказам, иронија, спротивставување и одбивање наредби, неизвршување на училишните обврски, ексцентрично облекување, одбивање на храна, отфрлање од групата, деликвентно

однесување, крадење, експерименти со дрога, брзо возење и сл. Агресивноста во периодот на адолесценција често претставува израз на свесни и несвесни сепаративни настојувања, поттикнати од желбата за одвојување од своите родители, нивно осамостојување и потреба за разбирање и подршка (Björkqvist, 2001).

Голем број истражувања (Loeber, 1982, според Coie и Dodge, 1997) покажуваат дека со зголемување на возраста доаѓа до намалување на фреквенцијата на агресивното однесување, но наспроти тоа доаѓа до зголемување на неговиот степен на општествена опасност. Исто така, доаѓа и до промени на фрустрирачките ситуации кои го предизвикуваат истото. Ако во раното детство иницирачки фактори беа главно конфликтите во семејството, адолесцентниот период го карактеризираат влијанието на училишната средина, влијанието на соседите и пријателите (пр. непријателски однос со наставниците, притисок од врсниците, вклучување во различните субкултури и сл.) (Maura O'Keefe, 1997:368-376).

Од досега изнесеното произлегува дека овој вид на антисоцијално однесување кое започнува уште во раното детство, со негово повторување се усвојува и доведува до агресивно однесување во периодот на адолесценција кое неретко завршува со злоставувачки и криминални дејствија во периодот на зрелост. Со други зборови, може да се каже дека агресивното однесување се учи. При тоа колку повеќе се манифестира толку повеќе се зацврстува и се намалува веројатноста за негово изоставување.

## 2. Дефинирање на поимот насилство

### 2.1 Дефиниции за насилство

Проблемот на насилството се повеќе се актуелизира во современото живеење. Човекот секојдневно се сретнува со овој феномен и тој постојано го загрозува неговото мирно, спокојно и сигурно живеење. Ваквиот пораст на насилството го привлекува вниманието на многу стручњаци, кои се обидуваат да ја дефинираат оваа појава од страна на својата професионална област.

Од *психолошки аспект,* **Б. Хеснард** насилството го дефинира како екстремен облик на агресија, која се манифестира како нелегитимна и неоправдана примена на сила (физичка или психичка), однесување кое може да биде организирано, спонтано или ритуално (во случај на крвна одмазда), а во поново време се јавува и како инструментализирано (уцени, грабнувања, закани, земање на заложници и сл.) (Hesnard, 1963:300).

**Т.Недимовиќ**, во својот докторски труд, насилството го одредува како појава која создава најинтензивни психолошки трауми, оставајќи долгорочни и неизбришливи последици. Без разлика дали е насочено кон себе, кон другите или кон околината, тоа секогаш се создава меѓу луѓето чии односи се нарушени и кои имаат намера да нанесат болка или повреда на другите. За еден акт да се детерминира како насилен неопходно е присуство на намера и повреда. Кога постои повреда без намера и намера без повреда, не можеме да зборуваме за насилство (Nedimović, 2010:39).

Од *криминолошки-правен аспект* крактеристични се следните дефиниции:

Во зависност од степенот на општествената опасност односно од последиците кои се јавуваат како резултат на манифестираната агресија насилничкото однесување може да биде асоцијално, прекршајно и криминално (**Киткањ**, 2010:33).

Заедничко обележје за сите видови и форми на насилничко однесување е спротивставување на некоја правна норма или забрана, каде доаѓа до загрозување на сите добра што се создаваат во едно општество кои, пак, се одредени од материјалниот,социјалниот, културниот, политичкиот и технолошкиот амбиент на живеење (**Арнаудовски**, 2007:335).

**Камбовски**, тврди дека насилното однесување претставува посебен облик на криминалитет, дел од класичниот криминалитет како најбогата групација на повеќе видови кривични дела кои имаат исти или слични криминалистичко-релевантни обележја (Камбовски, 1997:269).

Насилничкото однесување **Бачиќ** го разгледува од два аспекта, преку примена на физичка или психичка сила. Оттука насилството во кое доминира физичката сила кон одредена личност, подразбира загрозување на физичкиот интегритет односно животот и телото на човекот. Вториот аспект вклучува примена на психичка сила, која резултира со психичко малтретирање, предизвикување на трајно и силно чувство на лична несигурност и вознемиреност ( Bačic, 1997).

Во дефинирањето на насилството **Милосављевиќ** подразбира појава која опфаќа различни акти, постапки и однесување на поединецот, група или општествени институции во односите со луѓето, кои вклучуваат примена на физичка, психичка, политичка или некоја друга сила со која се загрозува интегритетот на човекот предизвикувајќи различни физички и психички повреди и останати непријатни последици (Milosavljević, 1998, според Недимович, 2010:40).

Покрај овие дефиниции, одредени автори (*Olweus, Limber, Reiss* и *Roth)* заедно со Светската Здравствена Огранизација (*СЗО*) еднострано го дефинираат насилството. Нивните ограничувања се однесуваат на фактот што зборуваат само за застапеноста на физичката сила, а останатите видови насилство (психичко и социјално) не се опфатени во нивниот предмет на проучување.

Дефиницијата за насилство којашто ни ја дава Светската Здравствена Организација **(СЗО)** ги поврзува интенционалноста и изведувањето на самиот чин, без оглед на исходот што го произведуваат. Според неа насилството е намерно користење *физичка сила или моќ*, закана против себе си, некој друг или против група или заедница која има висока веројатност да резултира со повреда, смрт, психолошка повреда, нарушен развој или лишување (WHO, 1996).

**Олвејс,** на насилството, пак, гледа како агресивно однесување во кое насилникот го користи сопственото тело или некој друг предмет за да нанесе сериозна *физичка повреда* или непријатност на некое друго лице (Olweus, 1999:12)

Слична е дефиницијата според која насилството е однесување на едно лице на кое намерно му се заканува дека ќе му се нанесе, постои обид за нанесување или пак му се нанесува *повреда* (**Reiss** и **Roth**, 1993:35).

При детерминирањето на поимот насилство некои автори прават негова корелација со поимот агресивност, обидувајќи се да извршат нивно одвојување.

**Попадиќ** (Popadić, 2009) под насилство подразбира намерно и неоправдано нанесување штета на друг. Но се јавува голема тешкотија во одредувањето на ***„намерата“***, бидејќи е невидлива, а да се заклучува за сопствените или туѓите

намери несомнено претставува сложен процес, истовремено подлежен на пристрасност. Додека втората одредница „***неоправданост***“ на појавата, подразбира нелегитимна, незаслужена или непримерна постапка, која е многу значаен елемент во одредувањето на насилството и неретко се користи само изразот „неоправдано нанесување штета“. Ваквиот начин на дефинирање на насилството покажува голема сличност со одредувањето на поимот агресија, за кој погоре се говореше. Оттука се поставува прашањето дали овие поими се користат како синоними или се разликуваат.

Сепак постојат разлики меѓу поимите агресивност и насилство:

- Насилството секогаш преставува директен напад, а додека агресивноста може да биде поттисната, латентна, или пренасочена;
- Во секојдневниот говор под поимот агресивност се подразбира релативно трајна црта на личноста, која покажува сколоност, стремеж да нанесе штета на друг;
- Кај агресијата постои намера да се повреди другиот, без разлика дали таквата намера ќе биде реализирана. Од друга страна, насилството е реализирана агресија;
- Кај агресијата неоправданото нанесување штета не се споменува, но се подразбира, додека намерата е централен елемент. Спротивно на ова, кај насилството намерата не е нужна, но неоправданата штета е централен (Popadić, 2009).

Обработувајќи го проблемот на насилство врз децата, **Гудовиќ** дава еден краток опис на поимот насилство. Тој го дефинира како примена на секаков вид сила насочена кон човекот без разлика на карактерот, јачината и видот на користена енергија. Истиот автор како синоними ги користи термините: агресија, насилно однесување и злоупотреба на сила. Поимот агресија обично се употребува при постоење на насилничка настроеност кон поединецот, општествените групи или глобалните подрачја, додека насилството означува примена на конкретна сила во општестевените односи од различен вид и нивоа. За разлика од споменатите поими, насилничкото однесување претставува примена на сила во односите меѓу поединецот и општествените групи, а се однесува на феноменолошкиот и манифестниот аспект на насилство (Gudovich, 1998:32).

## 2.2 Видови насилство

Постојат различни поделби на насилството во однос на неговиот облик, траење, интензитет и карактеристиките на неговиот извршител. Но, при таквата категоризација линијата што ги дели различните видови насилство не е секогаш јасна и често се преклопуваат и комбинираат. За таа цел потребен е аналитички пристап во класифицирањето на видовите на насилство и нивно поконкретно определување.

Типологијата опишана подолу го дели насилството во три широки категории според ***карактеристиките на оние што го извршуваат насилниот акт***:

1. насилство насочено кон себе;
2. интерперсонално насилство;
3. колективно насилство.

Оваа иницијална категоризација прави разлика меѓу насилство што лицето си го нанесува самото себе си, насилство нанесено од друго лице или мала група луѓе и насилство извршено од големи колективи/групи, како што се: држави, организирани политички групи, паравоени групи или терористички организации (Krug и сор., 2002:346).

Овие три широки категории натаму се делат и укажуваат на поспецифични видови насилство.

### *1. Насилство насочено кон себе*

Самонасилството претставува суицидно однесување или самозлоупотреба кое се манифестира низ следните форми: суицидални мисли, обиди за самоубиство или „парасуицид" и извршување на делото.

Постојат три главни видови самонасилство: физичко, психолошко и депривација или запоставување.

### *2. Интерперсонално насилство*

Интерперсоналното насилство може да има четири облици: физичко, психолошко, сексуално и депривација/запоставување.

Интерперсоналното насилство може да се јави во семејството или во заедницата.

- *На семејно рамниште*, насилството или запоставувањето опфаќа: злоупотреба на деца, насилство од страна на блискиот партнер и злоупотреба на постаро лице;
- *На рамниште на заедницата*, насилството може да се јави меѓу индивидуи кои меѓусебно се познаваат или меѓу непознати. Насилството во заедницата опфаќа: насилно однесување меѓу младите лица, случајни дела на насилство, силување или напад заради сексуална злоупотреба од страна на непознато лице, запоставување на стари лица во институциите за грижа, насилство во училишта, работни организации, затвори и домови.

3. ***Колективно насилство***

Колективното насилство се однесува најчесто на насилството предизвикано од поголеми групи на индивидуи или држави. Под овој вид на насилство се подразбира наменска употреба на насилство од страна на лица припадници на одредена група со цел да се постигнат политички, економски или социјални цели. Форми на колективното насилство се: војни, организиран насилен криминал, терористички и други политички конфликти меѓу државите. (Светски извештај за насилство и здравје, 2002:14 )

Во зависност од ***видот на силата*** која се применува при актот на насилство, се разликуваат *физичко* и *психичко насилство*. Но, голем број автори при ваквата поделба не прават дистинкција меѓу физичкото и психичкото насилство, бидејќи секое физичко насилство во себе содржи и психолошка димензија. Оттука произлегува дека физичкото и психичкото насилство взаемно се условуваат, заедно се манифестираат, а често пати двата облика меѓусебно се засилуваат (Harris, Petri, Willoughby, 2001).

- **Физичкото насилство** Милосављевиќ (1998 г.) го дефинира како директен напад, односно свесно и намерно употребена сила по животот и телото, со или без употреба на други средства. Овој вид насилство ги опфаќа следните облици: *шамарање, удирање со раце и нозе, буткање, гребење, гризење, штипење, кубење за коса, свиткување и/или кршење на делови од телото, фрлање и удирање со колан, стап, палка, и сл. предмети, гаснење цигари по тело и др.* Покрај овие форми на насилство се вбројуваат и различни видови на загрозување на физичкото задравје кои немаат за последица повреда или

рана како што се: *заклучување или затворање во мрачни и нехигиенски простории, лишување од храна и облека, лекови и др.*

- Под **психичко насилство** се подразбира таков вид однесување на поединецот, групата или институтцијата со кој се запоставува, загрозува, потценува и вербално напаѓа личноста на индивудуата. Растројствата во однесувањето, проблемите во когнитивните и образовните капацитети, емоционалната нестабилност, како и намалената способност за адаптација се најчести последици од психичкото насилство. Како примери на психичко насилство поголем број автори ги вбројуваат: ***отфрлањето*** (вербален напад, потценување, исмејување, викање, тужакање), ***изолацијата*** (спречување на контакт со врсници или возрасни надвор од домот, држење во затворени простории, отсуство на комуникација, создавање на ситуации на страв), ***експлоатацијата*** (поткупување, поттикнување и наведување на дрога, алкохол, криминал, проституција, питачење и сл.) и ***емоционално лишување*** (емоционална занемареност, одбивање на контакти,). Досега наведените видови и содржини на психичко насилство укажуваат на комплексноста и мултидимензиналноста во објаснувањето на психичкото насилство (Milosavljević, 1998:40-43).
- Под **сексуално насилство** се подразбира задоволување или обид за задоволување на било кој вид на сексуална потреба или нагон со употреба на физичка, психичка или некоја друга сила. Сите видови на сексуално насилство повеќе или помалку во себе содржат и елементи на емоционално односно психичко насилство. Тука спаѓаат силување, обид за силување, допирање по интимни делови на телото, сексуални понуди, барања, уцени, шеги, изрази на лицето и движења на телото кои предизвикуваат чувство на срам или понижување, присилување на гледање порнографски филмови или списанија, присилување на порнографско фотографирање и сл. (Basile and Saltzman, 2009:1).

Покрај физичкото и психичкото насилство како најмногу застапени видови, СЗО ги обработува и следните видови:

- Општествено насилство
- Политичко насилство и
- Економското насилство (Krug и сор., 2002:346).

Од досега набројуваните видови насилство и нивните форми на манифестирање, *Бранкович* ги истакнува најчестите ***облици на насилство кои се јавуваат кај младата популација***. Тие може да бидат: *вербални* (омаловажување, закани, дофрлување и сл.), *социјални* (игнорирање, озборување и ширење лоши зборови, исклучување од активности и сл.), *психолошки* (оштетување на туѓиот имот, крадење и фрлање на туѓи работи, заканување со поглед и сл.) и *физички* (туркање, рушење, удирање, штипење, гризење и сл.) (Bašić , Koller-Trbović, Uzelac, 2004:83-97).

## 3. Адолеценција, поим и карактеристики

Насилството и агресивноста имаат развоен тек кој започнува уште во најраната возраст и често продолжува во текот на адолесценцијата и возрасниот период.

„Период на бунтовништво" синоним кој често пати се употребува за поимот адолесценција. Тоа е период на драматични промени, период на спротивставување на авторитети, време кога младата недоградена и збунета личност преминува од фазата детство во светот на возрасните.

Според ***Фром*** во овој период секоја индивидуа настојува да ја реализира потребата од наоѓање на свое место и улога во светот кој го опкружува, да биде дел од општеството, од светот, полноправен, афирмиран и прифатен (Рот, 1981:29).

Адолесцентите почнуваат да се однесуваат како возрасни, мислат дека се веќе зрели личности и постојано се обидуваат тоа да го докажат. И нивните родители очекуваат да се однесуваат и да бидат одговорни како возрасните, но и понатаму тие ги гледаат како деца. Ваквите промени се подеднакво збунувачки и за адолесцентите и за нивните родители.

Возраста која го опфаќа адолесцентниот период варира во зависност од социо-културната средина. Периодот на адолесценција обично се тврди дека започнува со пубертетските промени (10-12 година) и трае се до 25 годишна возраст, односно периодот на зрелост.

Според Шкариќ, разликуваме три потпериоди:

- рана адолесценција (од 10-14 години);
- средна адолесценициja (15-19 години) и
- доцна адолесценициja ( од 20-25 години) (Шкариќ, 2009:250).

Поимот адолесценција според календарскта возраст се совпаѓа со поимот малолетно лице. Според *Конвенцијата за правата на детето,* за малолетник се зема предвид дека е секое лице кое нема наполнето 18 години (Конвенција за правата на детето, ООН, 20.11.1989 г.).

Според Уставот на Република Македонија и законската регулатива, како полнолетно лице се третира лице со наполнети 18 години.

Во Законот за заштита на децата (2000 г.), во член 8, како дете се третира секое лице до наполнети 18 години живот, како и лице со пречки во физичкиот и

психичкиот развој. Со измените на овој Закон од 2005 година се опфаќа лице со пречки во телесниот и интелектуалниот развој до наполнети 26 години живот.

Проф. Зоран К. во својата докторска дисертација го цитира ***Милутиновиќ М.*** според кој процесот на созревање на личноста кај малолетникот се одвива индивидуално, а зависи од културата, традицијата, општествените, економските, социјалните, географските, климатските, биолошките и други фактори во кои индивидуата растела и се развивала. Од предмалку кажаното произлегува дека двајца адолесценти на иста возраст кои живеат во различни средини од психолошки аспект невозможно е да постигнат ист начин и степен на биопсихосоцијален развој (Киткањ, 2009:21).

Во суштина, ова е период одговорен за формирање на идентитетот кај младиот човек, личноста почнува самостојно да донесува одлуки, да решава проблеми, да размислува за правци во кои сака да го насочи својот живот, ги проверува своите вредности и настојува да изгради нови, подобри.

„Ние се раѓаме два пати“ поаѓајќи од својата филозофска расправа ***Русо Ж.Ж.*** првото раѓање го дефинира како инспирација и креација на родителите, а додека второто е создавање на секој човек, адолесцент. Адолесценцијата навистина претставува второ раѓање, период кој е многу специфичен и драматичен, меѓудругото и најзначаен период во изградување на човекот како био-психо-социјално суштество (Ćuričić, Bradić, 1997:21). При ваквиот трансфер на улоги се случуваат низа промени кај адолесцентот од телесен и физиолошки аспект, промени во емоционалната поврзаност со родителите, градење на нови релации со врсниците, први партнерски врски, нови видови на контакти, излегувања и вклучување во останати општествени случувања кои влијаат врз социјалниот развој и формирањето на уникатен личен идентитет. Овие промени се нормални и вообичаени.

Во текот на овој развоен период малолетниците се соочуваат со многу тешкотии ии компликации поради што доаѓа до една психичка криза. Таквите кризи произлегуваат од еден или повеќе конфликти, како на пр. судир меѓу желбата за самостојност и зависноста од авторитетите (родители, старатели и наставници), конфликт меѓу потребата од дефинирање на личниот идентитет и припадност во групата, потребата за љубов и интимност со личноста од спротивниот пол и стравот од блискотста од друга страна. (Trebješanin, 2000:11)

Овие трансформации кај младите се проследени со емоционални кризи изразени преку: анксиозност, осаменост, тагување, двоумење, лутање, нагли промени во расположението, појава на несоница или прекумерно спиење, дезорганизација во простор и време и искривување на сликата за сопственото тело.

Водени од незадоволените лични потреби, реални или нереални, адолесцентите својата немоќ ја изразуваат со агресивно однесување. Тоа се должи пред сè на нискиот праг на толеранција, зголемена импулсивност, намалена самоконтрола, неприлагодени барања и настојување за нивно остварување, сите произлезени од доминацијата на егоцентричноста во тој период.

Исто така кај адолесцентите, особено во периодот на рана адолесценција, е присутна недоволно развиената способност за воочување на причинско-послединичните односи и тие често пати се впуштаат во ризично однесување, кое во подоцнежниот период може да прерасне во криминално однесување.

## 3.1. Адолесценти со посебни потреби и нивни карактеристики

Адолесцентниот период кај младите со посебни потреби го карактеризираат исти основни физиолошки, социјални и емоционални потреби како и останатите врсници. Нивниот развој го следат истите законитости на развој кои важат за младите од општата популација, но се разликуваат по забавеното темпо на развој и ограничувањето на способностите поради природата на нарушувањето (во видот, слухот и интелектуалните капацитети) (Ајдински, 2007:67).

Покрај главните ограничувања кои произлегуваат од видот на хендикеп, кај сите нив се среќаваат речиси исти карактеристики на личноста специфични за адолесцентниот период. Вообичаени карактеристики кои се јавуваат се чувство на срам и помала вредност, отсуство на самодоверба и недоверба во другите, сиромашна и ограничена комуникација со врсниците и луѓето од општата популација, а крајниот резултат води кон намален репертоар на социјални вештини, а тоа пак кон нивно недоволно успешно адаптирање во средината во која живеат.

Кај оние чиј интелект е сочуван и имаат многу добро развиени компезаторни механизми и одличен успех во образованието, тие се свесни за личниот хендикеп и силно го изразуваат стравот за нивната иднина, дали ќе успеат да најдат работа, ќе воспостават ли емоционални врски, со кого ќе живеат, ќе имаат ли семејство и сл.

Базичната несигурност и континуираниот страв од отфрлање се доминантни својства на личноста, а тоа води кон осиромашување на нивниот идентитет. Развивањето неповолна слика за себе, конфузијата околу нивниот идентитет (не можат да си дадат одговор на прашањето: „Кој сум јас?") и неуспешното интегрирање во средината како краен резултат даваат незрела личност кај поединецот (Mitić et al., 2011:42-3).

Според Хрњица (2008 г.), зрелоста е процес при кој се воспоставува рамнотежа помеѓу идентитетот и интегритетот на личноста (Hrnjica, 2008).

Несигурноста, стравот, намалената самодоверба и останатите ограничувања кои ги повлекува постоечкото оштетување, придонесуваат дел од оваа популација адолесценти да ја задржат сета анксиозност во себе запаѓајќи во депресија и таквите не се способни за агресивно и насилно однесување. Тука спаѓаат и младите со тешка интелектуална попреченост.

Агресивноста најчесто може да ја забележиме во односите со нивните врсници, особено ако им бидат упатени навредливи зборови со цел да ги етикетираат.

Но намалени интелектуални способности не значат секогаш отсуство на насилно однесување. Напротив, тие не можат да ги разберат последиците од своето однесување, некои може да имаат брзи и кратки реакции, а во состојба на афект и отсуство на самоконтрола можна е појава на насилничко однесување. За нив не постои добро и лошо однесување, едноставно се водат од моменталните потреби.

## 3.2 Агресивноста и насилството кај адолесцентите

Младите може да се одредат како општествена група која се подготвува за влегување во светот на возрасните. Поради неизграденоста на нивната личност тие се уште се во фазата на био-психо-социјален развој, на кој влијание имаат индивидуалните и срединските фактори. Каков ќе биде исходот од влијанието на овие фактори понатаму ќе зависи развојот и однесувањето кај младите, кое може да биде насочено во правец на општествено прифатливо или пак асоцијално однсеување (Jašović, 1991: 62-3).

Поимот ***асоцијално однесување*** Киткањ, (2009) го дефинира како *секоја реакција (психичка или телесна)* која *отстапува од стандардното и вообичаено*

*однесување со кое се кршат пишаните и непишаните правила во училишната, семејната, и поширокатa социјална средина.*

Лицата кои изразуваат вакво однесување се изложени на морална осуда од средината поради непочитување на општествено прифатливите норми на однесување. Доколку истите тие ги кршат законските регулативи тогаш кривично одговараат пред законот за деликвентно однесување. Може да се каже дека асоцијалното однесување му претходи на криминалитетот кај младите.

Првите облици на агресија кои ги манифестираат младите се: негативно и непријателско однесување кон возрасните, омраза, освета, ароганција, завист, неконтролирани изливи на бес, вознемирување на други лица, одбивање и неизвршување наредби и останати деструктивни активности. Во почетокот тие се со послаб интензитет и фрекфенција, но подоцна доаѓа до нивна кулминација во доцната адолесценција (20-25 годишна возраст) (Tadić, 1997:60).

Како посериозни облици на асоцијално однесување кои се јавваат во адолесцентниот период се земаа предвид: често лажење, крадење, измами, викање, пцовки, бегање од училиште, одбивање да се оди на училиште, непочитување авторитети, намалување на училишниот успех, бегање од дома, скитање во ноќните часови, конзумирање алкохол, дрога, брзо возење и др. кои доколку продолжат да егзистираат во периодот на зрелост ќе прераснат во злоставувачко и криминално однесување.

Американското здружение на психијатри (1994 г.) ја дава Меѓунардната класификација на болестите (ICD) — десетта верзија, според која во групата на пореметувања во однесувањето се вбројуваат агресивното и насилното однсеување (Киткањ, 2009).

Според Законот за малолетничка правда (2007 г.), децата и младите кои манифестираат неприфатливи општествени фомри на однесување се поделени во 4 групи:

- Дете во ризик (7-13 година)
- Помлад малолетник во ризик (14-15 година)
- Постар малолетник во ризик (16-17 година)
- Младо полнолетно лице (18-21година).

Агресивното однесување може да се изрази на различни начини. Некои адолесценти ја поттиснуваат агресијата држејќи ја во своите мисли, која во подолг

временски период им создава чувство на напнатост, а кај некои настапува депресија и можни се суицидни обиди.
Наспроти нив стојат адолесцентите кои насилството го изразуваат со вербални и физички закани, употреба на оружје, агресивност кон луѓе и животни, а поради слабо усвоените социјални вештини се отфрлени од нивните врсници, изолирани се и немаат пријатели, со што дополнително се интензивира појавата на неконтролирани изливи на бес и отсуствува на самоконтролата за справување со конфликтните ситуации (Poliklinika za zaštitu djece grada Zagreba, 2011).
Во периодот кога доаѓа до премин од рана во средна адолесценција (14-15 година) се забележува најголема застапеност на агресивното и насилното одесување. Како адолесцентите созреваат, па така доаѓа до намалување на овие антисоцијални однесувања. (Mazur и Malkowska, 2003; Dake, Price и Telljohann, 2003; Seals и Young, 2003). Паралелно со возраста доаѓа и до смена на директниот со индиректниот облик на насилно однесување (Rivers и Smith, 1994).

Развојниот тек и последиците од насилството како антисоцијално однесување, подлабоко е обработено во лонгитудиналното истражување на Moffitt и нејзините соработници. Во нивната мултидисциплинарна здравствено развојна студија се опфатени 1 000 новородени деца (1972 г.) од машки и од женски пол родени во местото Дунедин - Нов Зеланд, кои биле опсервирани 38 години (2010 г.). Изнесените резултати во 2002 година зборуваат дека деликвентите на возраст од 26 години чие антисоцијално однесување се јавило во детството имаат голем број на психопатски одлики на нивната личност, проблеми со менталното здравје, присутна е зависност од дрога, семејно насилство, финансиски проблеми, проблеми на работното место и сл. Додека оние чии проблеми се јавиле во адолесцентниот период, на 26 годишна возраст се помалку екстремни, главно пројавуваат адаптациони проблеми, финансиски проблеми, предизвикување и учество во тепачки, зависност од дрога и опојни средства (Moffitt, 2002:179-206).

Генерално од студијата на Moffitt и останатите истражувања во таа облааст (Gendreau, et al. 1996; Krohn, et. Al, 2001), може да кажеме дека антисоцијалното однесување кое се појавило рано во детскиот период продолжува да перзистира во зрелите години и неретко му се предвидува долга криминална кариера (Radulović, 2009:92).

## 4. Ризик фактори за насилно и агресивно однесување кај младите

Еден фактор не може да објасни зошто некои индивидуи се однесуваат насилно кон другите или зошто насилството е почесто во некои заедници отколку во други. Насилството и агресивноста се резултат на комплексна меѓуигра на индивидуални, релациски, социјални, културни и срединскиfactори. Поаѓајќи од горенаведените видови насилство и агресија, произлегуваат различните фактори кои се одговорни за етиологијата на овие асоцијални однесувања, а во продолжение ќе бидат објаснети поединечните карактеристики на секој фактор.

1. Биолошките и персоналните фактори кои влијаат врз структурата на личноста на малолетникот претставуваат потенцијален ризик за појава на насилство.
2. Семејството во коешто живее детето, влијае врз неговиот развој во зависност од односите меѓу неговите членови, емоционалната клима во семејството и присуството на одредени социо-патолошки појави (Светски извештај за насилство и здравје, 2002:14).
3. Училишната средина станува се посериозен фактор во појавата на насилно однесување. Насилството во училиштето може да има различен карактер, на пример навредување, уценување, исмејување, тепање, здружување со криминогени групи, а понекогаш доаѓа до одземање на животот на жртвата.
4. Презентирање на насилство во медиумите (ТВ и електронски).
5. Општествени ризик фактори: сиромаштија, социјална депривација, невработеност, можноста за едукација и културен развој на адолесцентите (Radovanović, 2007:351-5).

### 4.1 Структурата на личноста на малолетникот и неговата интелегенција како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство

Ако посуштински навлеземе во објаснувањето кое ни го дава *Бошковиќ* за поимот малолетник, дефинирајќи го како „личност која физички, психички, интелектуално и емоционално не е созреана, е во фаза на развој и формирање, личност која нема изградено свој вредносен систем“ тогаш со право може да кажеме

дека овие ученици не се секогаш во сотојба да управуваат со своите постапки и да го сфатат значењето на своето однесување (Бошковић, 1999:179).

При проучувањето на феноменот на насилничко однесување кај учениците, кое истовремено се третира како општествена неприфатлива појава условена од повеќе фактори, особено внимание ни свртуваат *индивидуалните карактеристики* на личноста кај оваа категорија ученици.

Тука доаѓаат до израз особините на нивниот карактер, темперамент, ставови, мотиви, навики, интереси, емоции и други карактеристики врз основа на кои може да се прикаже една личност. Понатаму овие психички особини го условуваат однесувањето на ученикот, изразувајќи се секогаш индивидуално и конкретно, со што личноста ја прават специфична и различна од другите, со посебен стил на реагирање кон надворешните дразби.

Имено, некои од учениците реагираат многу брзо, осетливо и возбудливо, други се спори, инертни и помалку осетливи, некои реагираат внимателно и промислено, а други се непромислени, брзоплети и површни, доколку едни ги карактеризира енергичност и храброст други покажуваат страв, повлеченост и неодлучност (Milutinović, 1988:391-2).

Главните фактори од оваа група кои може да придонесат за појава на агресивно однесување се: тежок темперамент, неадекватни социјални вештини, погрешно толкување на однесувањето на другите луѓе-најчесто како непријателско- и неспособност да пронајдат неагресивни решенија за надминување на конфликтните ситуации (Mundia, 2006).

Во едно истражување на OJJDP програмата направени се мета-анализи кои ја рефлектираат врската меѓу асоцијалното однесување и *хиперактивноста*. Во примерок од 540 адолесценти на возраст од 15-25 години, оние момчиња со хиперкинетски синдром и проблеми во концентрацијата биле со пет пати поголема можност да бидат уапсени за насилно однесување од нивните врсници без овие карактеристики (Klinteberg, Andersson, Magnusson, Stattin, 1993).

Покрај хиперактивноста, од неодамна се забележа дека многу *психијатриски заболувања* (депресија, анксиозност, апатија и останатите оштетувања на емоциите) може да поттикнат антисоцијално однесување (Department of Health and Human Services, 2001).

*Интелегенцијата* е, исто така, значаен ентитет кој влијае врз психолошкиот механизам на функционирање кај адолесецентите и подоцна врз обликувањето на нивната личност. Оваа категорија се јавува во неколку степени, почнувајќи од високо ниво до оние гранични случаи кои понатаму преминуваат во интелектуален дефицит (ментален дефект). Со намалувањето на овие капацитети настанува проблем во способностите за образование, што доведува до сериозни проблеми кај личноста на адолесцентот, а потоа следат тешкотии во неговиот емоционален и социјален психички живот, и сето тоа може да претставува основа за појава на негативно однесување и останати инкриминирани активности

Истражувањата правени уште во минатото истакнуваат дека **лицата со ниски интелктуални способности** не се способни за сфаќање и почитување на општествените норми, поради ограничувањето во логичкото мислење и заклучување. Тие се ***лесно подводливи***, најчесто се јавуваат како ***соучесници во општествено неприфатливите однесувања,*** при тоа оставаат ***видливи траги и лесно се откриваат*** (Singer, Todorović, 1993:11).

Ваквиот став го подржува ***Кирил Бурт,*** истиот тврди дека кај адолесцентот со намалена интелегенција, постои застој во процесот на воспитание, образование и духовен развој и тој не е во состојба правилно да ги проценува разните животни ситуации и останати ризици кои водат кон „нечесно" однесување (Burt, 1961:362-3).

Во едно истражување Здравковиќ и Милисављевиќ (2009 г.), ги испитувале бихејвиоралните проблеми кај децата со интелектуална попреченост, вклучувајќи ги и граничните случаи и оние со типичен развој. Од добиените резултати утврдиле дека првите имаат чести напади на бес (78,8%), учествуваат во тепачки (51,5%) и во 91% случаи учествуваат во кражби, со што евидентно предничат споредено со нивните врсници со типичен развој и гранични случаи (Zdravković, Milisavljević, 2009:500).

Претставниците на „теоријата на интелегенција" исто така, мислат дека интелектуалниот дефицит е еден од најзначајните фактори кој доведува до девијантно однесување (Киткањ, 2010:20).

Наспроти ваквите размислувања, други истражувачи покажуваат дека учениците со зачувана интелегенција поседуваат добро развиени организаторски способности и истите во поголема мера манифестираат вакво однесување (Singer, Todorović, 1993:11).

Често пати се мисли дека адолесцентите со *интелектуален дефицит* најчесто се јавуваат како *вршители на кривични дела од видот на кражби, убиства, силување,* а на оние без нарушување им припаѓаат провали, измами, фалсификати и слични дела (Milutinović, 1988:407-8).

Американски истражувачи (**Loeber** и сор., 1998:13-29) дошле до сознание дека ниската интелегенција игра мала или речиси никаква улога во манифестирање на насилно однесување.

Независно од ваквите размислувања, може да се каже дека значењето на интелегенцијата во јавувањето на криминалното и останати антисоцијални однесувања е големо и истата се манифестира во различни нивоа, почнувајќи од најниска па се до натпросечно интелегентни криминалци.

Но резултатите на поновите истражувања укажуваат дека интелегенцијата сама по себе не може да биде криминоген фактор и не треба да се зема изолирано, напротив дејствува криминогено заедно со други психолошки и социјални чинители (Wooton, 1959).

## 4.2 Семејството како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство

Семејството претставува примарна општествена група која има посебно место и значење во процесот на развој и воспитување на младата личност. Истото овозможува стекнување на првите животни искуства и претстави на детето, формирање на погледите, ставовите, навиките и моралните вредности кои влијаат врз целокупното подоцнежно поведение на личноста. Основната функција на оваа општествена заедница се состои во задоволување на биолошките, емоционалните, социјалните, воспитните и материјалните потреби на нејзините членови и со тоа ги остварува целите кои се од фундаментално значење за развојот на секоја индивидуа (Сулејманов, 2000:655).

Меѓудругото, развојните промени кои се случуваат кај младите се карактеризираат со квалитативни и квантитативни промени и скокови во биопсихичката структура и функциите на личноста и истите условуваат потреба од некаква потпора, средина во која ќе учат, ќе се воспитуваат, ќе стекнуваат адекватни норми на однесување и ќе им бидат задоволени основните егзистенцијални потреби.

За жал, сведоци сме на стуктуралните промени во општеството кои преку научната, технолошката и социо-културната револуција доведоа до промени во начинот на функционирање на примарните и секундарните општествени групи (Чонева, 1983).

Имено, денешното семејство не му ја пружа ни елементарната емоционална и социјална заштита на детето, во него нема веќе доволно љубов, па дури ни физичка блискост.

Според **Хентиг** ризик фактори кои водат до дезинтеграција и појава на агресивност и насилство во семејството се следниве:

- Неморално и социопатолошко поведение на родителите (алкохолизам, кражби, коцкање, проституција, употреба на опојни дроги);
- Семејна нетрпеливост;
- Разводи и напуштања на семејството;
- Семејството постои во „сабота", а останатите денови е само „ноќевалиште" и „гостилница", со тоа се остварува само неговата материјална функција;
- Големата разлика во години меѓу брачните другари и нивно несогласување поради социјалната и/или емоционалната незрелост;
- Верските и националните разлики меѓу сопружниците;
- Брачно неверство (прељуба);
- Смртта на еден од брачните другари често води кон депресија, емоционално лишување и оддавање на криминал;
- Појава на сираци при загуба и на двата родитела;
- Недоволни материјални примања и/или нерешено станбено прашање;
- Меѓусебни навредувања, физичко или психичко малтретирање;
- Ниска интелегенција и/или заостанати културни сфаќања;
- Преголеми разлики во образовнотот ниво на сопружниците;
- И останати специфични ситуации во семејството (посвојување дете или единец во семејството, негрижа, запоставување на секаков вид надзор и казнување) и сл. ( Сулејманов, 2000:656-7).

Според истражувањето на **Хокинс** семејни фактори кои се клучни за појава на насилно однесување кај младите се: семејното насилство, слабо надгледување

на родителите и родители со антисоцијално однесување (Hawkins и сор., 2000:63-82).

Значаен број на истражувања биле посветени на агресивното однесување на младите. По **Патерсен**, ***агресивните деца ги имитираат агресивните родители,*** а агресивните родители на агресивното однесување на децата одговараат со внимание и одобрување. И тој сугерира дека агресијата меѓу адолесцентите е резултат на слабо родителско надгледување, неконзистентоно однесување кон децата како и силно физичко казнување (според Gover, 2001:61).

***Криминалитетот во семејството*** е исто така значаен фактор на ризик. Според Питсбург и Кембриџ, лонгитудиналните студии да се има татко, мајка, брат и/или сестра кои вршат кривични дела, тоа претставува сериозен фактор за појава на криминално однесување кај децата, особено кај машките. Овие семејства ги наведуваат децата на вршење кражби и други разбојнички активности во кои има елементи на насилство и агресија. При тоа, членот на семејството кој најмногу влијае врз појавата на криминалитет кај децата е таткото. Најдено е дека 63% од момчињата кои имаат татко кој врши кривични дела и самите влегуваат во криминал. Но, покрај биолошкиот фактор и срединските фактори имаат подеднакво влијание, многу често момчињата се поистоветуваат со нивните татковци и сакаат да бидат како нив. За нив антисоцијалното однесување на таткото е нормално и пожелна човечка особина.

За разлика од нив, предиспозициите за криминално однесување кај женските се многу помали. Во најголем број случаи кај нив се јавуваат внатрешни нарушувања на личноста, страдаат од депресија, анксиозност, можна е појава на повлекување и/или развиваат фобии (National crime prevention centre, 2008:1).

Истражувачите го истакнуваат фактот дека агресивноста воглавно се пренесува преку два облика на учење, едниот вид е *учење со поткрепување* (негативни надворешни влијанија) и другиот вид е *учење по модел* (имитирање на родителот или лицето со кои живее адолесцентот). Така, родителите кои биле физички малтретирани во детството голема е веројатноста истите тие подоцна да си ги малтретираат сопствените деца. Во контекст на ова, адолесцентите кои во детството биле изложени на физичка злоупотреба, занемарување, сексуална злоупотреба или семејно насилство, голема е веројатноста за манифестирање насилно однесување во подоцниот живот (Tiffany. Panko, 2005).

Додека друга група истражувачи (Straus & Smith, 1990) тврдат дека раната физичка злоупотреба претставува само еден од факторите, а тие за да прераснат во родители злоставувачи потребно е задоволување на другите фактори. (според Арнаудова, 2011:65).

Во суштина се работи за семејства во кои отсуствува позитивниот пример на родителите, во нив владеат тешки материјални услови, алкохолизам, проституција, кавги, несогласувања, авантури и неверства, и останати негативни однесувања.

Описот зборува дека се работи за *несигурни и дезорганизирани семејства* кои создаваат неповолни услови во поглед на воспитувањето на децата и нивно правилно насочување кон општествените позитивни цели и дејности.

Овие родители не се способни да одржуваат емоционален контакт со адолесцентот кој се однесува насилно, а ако во семејството има и други повозрасни лица со слично поведение со самиот тој пример ги наведуваат помладите во насока на формирање и одржување на негативни субкултури.

Ситуацијата станува многу потензична кога се јавува *неконзистентна дисциплина* во семејството. Тоа значи дека родителите на лошото однесување кај адолесцентот некогаш се индиферентни, додека истото поведение друг пат остро го казнуваат. Неконзистентноста се однесува и на различниот однос на двајцата родители кон дисциплината: едниот родител е попустлив и незаинтересиран, а другиот е склон кон казнување и агресивно однесување (Сулејманов, 2000:657-8).

На овој фактор се надоврзува *занемарувањето на децата од страна на родителите,* типичен пример се „ладните мајки" понатаму оние кои се зависници од алкохол, дрога и др. зависности. Многу студии покажуваат дека родителите кои не знаат каде им се децата кога се надвор од домот како и оние кои ги пуштаат своите деца на улица без надзор уште од мала возраст многу често вршат кривични дела со елементи на насилство (Farrington, 2007:237).

Во многу истражувања пронајдена е корелација меѓу приврзаните деца и подоцнежното насилно однесување. Во тој контекст резултатите покажуваат дека адолесцентите кои не се поврзани со своите родители и кои немаат близок однос со нив имаат изразено агресивно и насилно однесување (Buljan-Flander и сор. 2003).

Друга категорија на лошо постапување со децата е физичката, психичката и сексуалната злоупотреба. Овие адолесценти растејќи во несигурна и променлива околина склони се кон развивање на чувство на помала вредност, неспособни да ги истакнат своите позитивни црти на личноста, безнадежни се и постојано се

самообвинуваат, а сето тоа како резултат на злоупотребата која ја доживеале. На иднината тие гледаат како опасно место кое им предизвикува болка (Cole, Carpentieri, 1990:748-757).

Џон Болби (1951 г.) ја популаризирал тезта дека „растурените семејства" се причина за асоцијално однесување кај младите. Тој мисли дека она што е најважно за детето е искуство на љубов, топлина и континуиран однос со мајчинска фигура. Доколку детето подолго време за првите пет година од животот е без мајчинска грижа тоа би можело да има иреверзибилни негативни ефекти, вклучувајќи „ладен" ефект, анксиозност и вознемиреност (Bowlby, 2005).

Тешко е да се одреди кои од семејните фактори е клучен за појавата на агресија и насилно однесување поради нивната взаемна интеракција. Оттука, досегашните согледувања побудуваат интерес во текот на спроведување на истражувањето да го утврдиме влијанието на споменатите ризик фактори кои се јавуваат во семејната средина.

## 4.3 Училиштето како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство

Во објаснувањето на поимите агресија и насилство кај младата популација, кои се земаат предвид за општествено неприфатливи однесувања, особено внимание се посветува на третиот ризик фактор – училишната средина.

Училиштето и останатите образовни установи како подсистем на целиот општествен систем се директно или индиректно зависни од стуктурните промени во средината во која функционираат. Денешните структурни промени пред сé се поврзани со економската криза и интензивните политички влијанија во сите сфери на животот, краткотрајното присуство и грижата на родителите, зголемената интернет комуникација и поистоветување на младите со хероите во тв-филмовите кои се најчесто од криминален карактер.

Поради тоа се почесто сме сведоци на гостувањето на младите деликвенти во рубриките на црна хроника на тв и печатените медиуми, што претставува доказ за драстичното зголемување на агресивното и насилното однесување.

Во овој интензивен период на развој младите се насочени кон стекнување популарност и постапки за свртување на вниманието кон себе, правејќи низа обиди за докажување, демонстрирање сила и изрази на љубомора, кои доколку не бидат успешно реализирани може да доведат до лични проблеми и фрустрација кај адолесцентите кои мислат дека агресијата е најбрз и најефикасен модел да ги постигнат своите цели (Stanarević, Veselinović, 2008:253).

Ваквиот тренд кај младите сè повеќе е присутен во училиштето како место каде се случуваат најголем број на насилства меѓу адолесцентите.

Најчести ***облици на училишно насилство*** се: исмејување, озборување, вознемирување, упатување навредливи зборови за семејството на децата и неговите роднини, земање и уништување предмети во сопственост на ученикот, нанесување телесни повреди, принудување на крадење и/или продавање дрога, фрлање делови од училишниот инвентар низ прозор, намерно исклучување на децата од групните активности, сексуален напад и останати облици на насилно однесување кои понекогаш оставаат сериозни последици врз животот на учениците (Buljan-Flander, Karlović, 2005: 179-193).

Во едно истражување спроведено во Србија опфатени биле 600 ученици на возраст од 11 до 18 годишна возраст од 12 основни и 12 средни училишта. Во него биле испитувани најчестите облици на насилство кои ги манифестирале учениците, резултатите покажуваат дека 36% доживеале навреди и исмејување, 21% добиле закани дека ќе добијат ќотек, а на 9% од учениците им биле одземани и уништувани лични предмети. Заклучокот од ова истражување е дека училиштето не само што не обезбедува заштита на учениците од врсничкото насилство, туку во него се присутни и други облици кои надвор од него не постојат (Gašić, 1998, според Milosavljević, 1998:166).

Исто така, **Олвејс** (Olweus, 1998) констатирал дека насилството подеднакво се јавува и во малите и во големите училишта, без разлика дали се лоцирани во урбана или рурална средина. Што значи ***местото на живеење не влијае врз појавата на антисоцијално однесување.***

Во зависност од тоа дали адолесцентот е жртва на насилство или пак директен носител на истото, разликуваме неколку видови училишно насилство во зависност од објкетот кон кој се насочени:

## ➢ *Врсничко насилство*

Овој вид училишно насилство доаѓа од англискиот термин ,,*bullying*,, кој во превод значи *силеџиство*. **Olweus, D.** (1998) *го дефинира како малтретирање на ученикот кој подолг временски период е изложен на негативо агресивно однесување од страна на еден или повеќе ученици.*

За Farrington (1993) врсничкото насилство претставува секој облик на повторливо физичко и психичко однесување на помоќниот и посилниот ученик или група кон послабиот ученик.

Врсичкото насилство од вообичаените конфликти меѓу учениците се разликува по следните елементи:

- присуство на намерни негативни дејствија кон друг ученик;
- предизвикување повреда или непријатност;
- дејството да биде повторливо и континуирано и
- да постои разлика во силата и моќта меѓу насилникот и жртвата (Buljan-Flander и сор., 2007:159).

Во периодот на адолесценција расте подршката од врсниците, кои врсничката група ја сметаат за семејство и начин да бидат различни и независни од возрасните. ***Групата на врсници*** *може да се дефинира како социјална група во која нејзините членови формираат одредени вредности, ставови и норми на однесување, која има некое препознатливо обележје и заеднички активности (спортисти, хакери...)* (Шкариќ, 2009:251).

Во рамките на овие системи на подршка истите го пронаоѓаат личниот идентитет, кој на некои адолесценти им овозможува приклучување кон добро организирани групи ( училишни секции, спортски клубови, невладини организации), но понекогаш некои завршуваат во групи кои манифестираат агресивно и насилно однесување. Во овие групи се поддржува и развива девијантното однесување и доколку неговите членови не се конформираат на овој модел на однесување може да бидат отфрлени надвор од групата на т.н. ,,cool-фаци,, или пак да постанат ,,жртвени јагниња,, (Mentus, според Radovanović, 2008:226).

## ➢ *Насилнички банди*

Училишните банди се поголеми врснички групи, специфични за урбаните средини кои најпрво се јавиле во САД а веќе во поново време се повеќе се распострануваат и во други држави во кои има пад на стандардот, владее

сиромаштија, дискриминација, распаѓање на семејството, културни разлики и незадоволство на одредени општествени класи. ***Насилничките банди*** *може да се дефинираат како хибридни творби составени од контракултурни вредности, нездрави животни стилови и енормно конзумирање алкохол и дрога, кои имаат слични обележја на западната контракултура* (Unicef, 2005:11).

Специфично за овие банди е вршење прераспределба на колективната одговорност меѓу членовите на групата, кои преку ефектот на катарза ја ослободуваат акумулираната енергија и фрустрација кон член/членови на други банди и на тој начин си обезбедуваат заштита во соседството и ја сочувуваат стабилноста и идентитетот на својата група. Во некои области младите кои не припаѓаат на одредени банди, постојано се изложени на опасност од напад, угнетување, рекет на улица или во училиште (Dulić и сор., 2010:46)

Насилството на бандите опфаќа тепање, бодење со нож и пукање и има тенденција да биде жестоко, дури и смртоносно, споредено со другите форми на насилство во училиштата, особено кога е поврзано со недозволена трговија со наркотици (Unesco database, 2009:13).

- ***Насилство кон маргинализираните групи***

Насилното однесување во бандите често пати е насочено кон припадниците на маргинализираните групи, со што се потврдува појавата на насилство на верска, национална или расна основа, насилство врз хендикепираните лица или лицата со истополова ориентација. Облици на негово манифестирање се: физичко, психичко или вербално насилство. Во рамките физичкото насилство доминираат бројните физички пресметки меѓу средношколците предизвикани од етничката нетрпеливост и намалениот прег на толеранција. Во вербалното насилство значајно место заземаат навредливите инсинуации, исмејувања, стереотипни коментари, генерализации и изнесување недолични пароли и озборувања. А додека за најдоминантен вид психичко насилство се смета исклучувањето на припадниците на етничките заедници од групните активности (Sinobad, 2005:22).

- ***Адолесцентот -жртва на насилство***

Насилниците при напад на своите врсници најчесто бираат ранливи типови, кои се разликуваат од останатите во групата според: бојата на кожата, начинот на одење, името, висината, религијата, носењето очила, облекувањето, семејството од

кое потекнуваат, а како чести жртви се среќаваат и учениците со посебни потреби. Жртвите на насилство најчесто се: *тивки, мирни, повлечени и надарени ученици, кои потекнуваат од низок социо-економски слој, припадници на различни етнички групи или новодојдени ученици во класот.*

При нивна поинтензивна изложеност на насилничко однесување почнуваат да манифестираат анксиозност, несигурност и отсуство на самодоверба, се плашат од врсниците и одбиваат да одат во училиште, често го менуваат патот до училиште, а за да се заштитат потребна им е близината на наставникот. Осамени се, се повлекуваат во себе и не разговараат со другите за тешкотиите, со тоа помалку се прифатени во групата, сакаат да одат во друго училиште, а понекогаш помислуваат на самоубиство. Се смета дека дел од овие ученици се силно поврзани со родителите па оттука произлегува атрибутот ,,презаштитени,, деца (Buljan-Flander и сор., 2007:160-1).

Единствена утеха за учениците жртви на училишно насилство се соочувањето со други ученици кои го имаат истиот проблем, на тој начин развиваат симпатии, меѓусебно се поверуваат и имаат желба да разговараат за проблемите бидејќи има кој да ги слуша и да ги охрабрува (Derosier, 2004:196-201).

Според една психолошка класификација познати се три типови на адолесценти-жртви на насилство: *случајни жртви, адолесценти предиспонирани да станат жртви и вродени жртви.*

Циклусот на насилство не го сочинуваат само учениците жртви и напаѓачите, туку присуствува и друга група ученици т.н набљудувачи. ***Набљудувачите*** *се трета група врсници кои индиректно се вклучени во самиот чин на злоупотреба на ученикот (жртва) преку поттикнување и мотивирање на напаѓачот со цел да си обезбедат заштита. Тие се несигурни личности, кои стравуваат од можноста дека и тие може да постанат жртви во иднина* (Buljan-Flander, Kocijan, 2003).

Според *Салмавали,* покрај жртвата и насилникот постојат други 4 вида учесници во врсничкото насилство: *асистенти*-оние кои се подготвени да им помогнат на насилниците; *поттикнувачи*- оние кои со своето однесување ги поттикнуваат насилниците; *аутсајдери*-оние кои не реагираат на насилството кое го гледаат и *бранители*-кои им помагаат на жртвата (Salmivalli, 1999:453-9).

- ***Насилство меѓу ученикот и наставникот***

Покрај врсничкото насилство, многу често се јавува насилство меѓу ученикот и наставникот. Кај овој вид учениците не се секогаш жртва, во најголем број случаи тоа се наставниците. Учениците од средните училишта најчесто ги малтретираат физички и психички наставниците поради слабите оцени, а понекогаш тоа го прават заради забава и привлекување внимание. Главно се работи за категорија на ученици кои дома се занемарувани и неправилно воспитани или пак се жртви на одреден вид злоупотреба.

Во ситуации кога учениците се жртви на насилство од наставникот, изложени се на физичко и психичко казнување ( навредување, удирање по лице и останати делови на телото). Авторитетот на наставникот ги прави учениците да се чувствуваат беспомошно и се плашат да го пријават малтретирањето бидејќи како што и самите велат: ,,Кој ќе ни поверува?,, (Zrilić, 2006:52).

Политичката нестабилност и конфликтите вклучувајќи ја и полициската бруталност, се исто така примери на надворешно насилство кое што има огромно влијание врз природата на насилствата во училиштата. Насилството кое се случува во заедницата може да го повлече и училиштето, што ќе резултира со носење оружје и зголемен број на чинови на насилство. Учениците може да носат оружје бидејќи се чувствуваат загрозени или за некои пушките и оружјето се прифатени како дел од секојдневниот живот на заедницата (Unesco, 2009:13).

### 4.3.1 Препознавање на насилниците во училиште

Адолесцентите имаат заеднички карактериситки во насилното однесување:

- имааат потреба за доминација над другите;
- ги искористуваат другите за да го добијат посакуваното;
- фокусирани се исклучиво на своите желби, потреби и задоволства, отсуство на емпатија;
- примена на насилството врз врсниците кога возрасните не се во близина;
- не сакаат да превземат одговорност за своето оденсување
- немаат способност да ги предвидат и разберат последиците од нивното однесување;
- ,,Гладни се,, за внимание (Floriħ, 2008:662-3).

- ги кршат законите (кражби, вандализам), учествуваат во тепачки и склони се кон автодеструктивни појави: алкохолизам, дрога и сл;
- имаат поблеми со училиштето,не ги почитуват училишните правила, бегаат од училиште, имаат слаб училишен успех, препишуваат на тестови и слаба мотивираност за учење.

Овие карактериситки кај адолесцентите укажуваат на појава на антисоцијлно однесување, но тоа не значи дека истите се социјално изолирани. Напротив, тие пронаоѓаат пријатели со слични особини кои во однесувањето од кои добиваат подршка за антицосијално однесување (Buljan-Flander, Karlović, 2005:160-1).

## 4.4 Медиумите (Тв и електронски) како ризик фактор во појавата на агресивност и насилство

Медиумите одсекогаш биле средство за пропаганда, како што и Tocquevillea уште во 1935 год. напишал: ,,Само еден весник е способен во исто време да смести иста мисла во илјада глави,, (Fransis, 1997:22).

Медиумите, особено телевизијата и интернетот, се еден од најважните фактори во социјализацијата на младите и влијаат врз нивното однесување во општеството. Тие се особено значајни во адолесцентниот период, периодот на насигурност, кога младите се изгубени во хаосот на интимни и осетливи теми кои не сакаат да ги делат со други. Одговорите на многу прашања ги бараат во медиумите, кои во денешниот свет на современа технологија им овозможува нивно пратење на многубројните екрани кои ги има на секој чекор: пред излози, на аеродроми, во автобуси, маркети, на мобилни телефони и класичните телевизиски и филмски екрани. На ваков начин во општеството се создава простор во кој се нарушува границата меѓу надворешното и внатрешното, човечкото и нечовечкото (Longo, 2001:40).

Живеејќи во ерата на знаење и трендот на ,,доживотно учење,, медиумите имаат големи предности во воспитно-образовниот процес бидејќи нудат големи можности во процесот на стекнување и проширување на знаењата. Преку нив се овозможува пренесување на информациите, формирање на вредности и погледи за светот и животот, обликување на животните стилови и градење на идентитетот. Тие не учат како да размислуваме, како да живееме, како да се облекуваме и како да

се однесуваме се со цел да бидеме успешно прифатени во општествената средина,а човекот како општествено битие мора да ги прифаќа овие правила (Mandrić, 2012:131-149).

Покрај предностите, се повеќе доаѓа до израз нивното негативно влијание. Денешните медиуми борејќи се со силната конкуренција не бираат начин како да ја привлечат публиката, при тоа новинарите неразмислувајќи за последиците заборавaат да превземат одговорност за она што ќе го објават. Се повеќе се сретнуваат сцени на насилство во сите сегменти на телевизиските програми почнувајќи од филмовите (цртаните), видеоигрите, информативните програми како и на интернет мрежите. Нивното влијание најмногу ги погодува младите, особено децата кои не се во состојба да ја разликуваат реалноста од компјутерските игри или филмовите и не ретко доаѓа до сторување кривични дела како резултат на имитирање на омилениот лик  (Ružić, 2007:103-14).

Со цел да се спречи ваквата појава потребно е строго почитување на член 70 од Законот за радиодифузна дејсност (2005), според кој програмите на радиодифузерите не смеат да содржат порнографија, прекумерно насилство или други програми што можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и на младите.

### 4.4.1 ТВ-медиуми

Телевизијата може да се каже дека е еден од најмасовните медиуми кој секојдневно е толку многу присутен во домовите што ја добива улогата на ,,нов член,, во семејството на кој му се посветува поголемо внимание отколку на останатите членови. Сите сме сведоци на ситуации во кои родителите ги занемаруваат своите деца па дури ги замолчуваат додека се емитува ,,Дневникот,, , понатаму ги оставаат работните задачи и одбиваат да разговараат за нивните случувања во градинка или училиште со цел да ја изгледаат новата епизода од омилената серија или следат спортски натпревар или филм и уште безброј други примери со кои се потврдува доминацијата на телевизијата во нашето секојдневие. На ваков начин доаѓа до занемарување на младите, нивно одалечување од родителите така што наједноставен начин за пополнување на слободното време, како што впрочем тоа го прават нивните родители, е следење на најразлични

телевизиски содржини, без почитување на ограничувањата (содржини кои не се препорачливи за одредени сегменти од малолетната публика) во отсуство на надзор од родител. Во вакви ситуации се јавува опасност од емитување содржини во кои се промовира блуд, садизам, садо-мазохизам, бруталност, прељуба, патолошка љубомора, материјализам (стекнување богатство на секаков начин), хедонизам и сл. кои што адолесцентот може да ги доживее како нормално, природно, демократски или т.н. модерно , во тренд.

Како резултат на процесот на комерцијализација на медиумите доаѓа до деградација на информациите кои тие ги презентираат. Тие содржат грубост, вулгарност, искривување на реалноста преку невистинити информации, неморалност и останати девијации кои сериозно се одразуваат врз животот на адолесцентите кои се во фаза на равој и формирање на личноста и нејзиниот идендитет.

Исто така сите овие негативни содржини кои се опфатени со глобализацијата на Тв-медиум кај младиот човек поттикнуваат нарушување не само во физичкиот (константно седење и лежење пред Тв) туку и во неговиот пфихички развој (манифестирање агресивност и насилство како омилените ликови преку имитирање на нивниот говор, движења и останати активности кои ги возбудуваат). Во истражувањето на Leyens и cop. (1975) спроведено во Белгија е констатирано дека прикажувањето насилство на медиумите поттикнува зголемена физичка агресија кај адолесцентите. Имено, во примерокот адолесцентите биле поделени во две групи и распоредени во два бунгалови, така што на едната група пет ноќи последователно им биле прикажувани филмови со насилна содржина. Добиените резултати покажале дека адолесцентите кои биле изложени на филмови со елементи на насилство имале статистички повисоки скорови на агресија од адолесцентите од соседниот бунгалов на кои им биле прикажувани неутрални филмови. (Ćitić, Đurić, 2009:170)

Покрај ефектите од програмските содржини, подеднакво сериозен проблем е времето поминато покрај ,,малите екрани,,. Во едно истражување спроведено во Америка е утврдено дека 2/3 од Американците поминуваат 8-9 часа пред Тв, а останатите часови ги извршуваат основните животни потреби (спиење, учење, работа...). Додека во Србија децата поминуваат по 6 часа гледајќи Тв и истите можат да бираат канали по нивен избор, додека родителите ги извршуваат работните задачи во домот (Dimitroviħ, 2011:45-64).

### 4.4.2 Електронски медиуми

Со интензивниот развој на информатичко-комуникационите технологии имаме се поголема примена на персоналните компјутери и мобилни телефони, а тоа допринесува за размена на искуства со различни делови на светот и напредок на сите општествени сфери (економија, банкарство, здравство, образование, одбрана и др.). Интернет страните секојдневно имаат широка примена во: трговијата (електронско купување и продавање); во туризмот преку правење резервации за патувања, хотели и билети; во образованието (пребарување Веб-страни и собирање информации за подготовка на проектни задачи, електронско пријавување испити); во пишаниот медиум бидејќи речиси сите дневни весници и списанија имаат свои електронски изданија; додека медиумските куќи на своите интернет страници си прават презентација на филмската и музичката продукција (Ružić, 2007:103-14).

Паралелно со развојот и ширењето на електронските технологии, тие стануваат се подостапни за младата популација која ги конзумира без ограничување. Интернетот се наметнува како нова ,,општествена институција,, во социјализаторскиот процес на децата и младите. Овој медиум го обликува нивното секојдневие и ги зафаќа сите сегменти на животот: социјализација, комуникација, воспитно-образовниот процес и насочување на слободното време. Без интернетот младите не би можеле успешно да комуницираат, да планираат, да се забавуваат и да си го исполнат слободното време.

Според ***Flander*** (2008)предности од употребата на интернет се:

- Брза достапност на информациите и олеснување на учењето;
- Лесно и брзо прегледување на актуелните вести;
- Претставува извор на забава, на пр. играње игри;
- Овозможува комуникација, без оглед каде се наоѓаме;
- Размена на искуства, мислења и информации со врсниците и возрасните со кои имаат слични интереси и проблеми;
- Допринесува за подобрување на вештините на пишување;
- Подобрување на креативноста;
- Ги развива стратегиите за решавање на проблемите и селектирање на информациите.

Покрај наведените предности модерниот облик на комуникација има свои недостатоци, како што се:

- Изложеност на непријатни сексуални содржини;
- Интернетот како жариште за педофили;
- Изложеност на вознемирувачки и непријателски пораки, фотографии;
- Предизвикува изолација, отуѓување на адолесцентите и криза во комуникацијата (Buljan-Flander, 2010:14).

Во последните 10 години вниманието на многу истражувачи го свртува насилството на интерент или ***(cyber bullying).*** Под овој термин се подразбира намерно нанесување повреда или штета на другиот со посредство на информатичко-комуникационата технологија односно со персоналните компјутери и мобилни телефони. Најчести синоними на овој вид насилство кои се користат во литературата се: ,,електронско насилство,, , „online насилство,, , ,,интернет насилство,, и ,,дигитално насилство,,.

Специфични карактеристики за електронското насилство кое се разликува од вообичаениот или традиционален облик се следните: анонимната природа на насилникот; непостои ограничување во време и простор и на себе навлекува голема публика (милиони корисници може да го гледаат).

Како најчести начини на извршување на овој вид насилство од страна на адолесцентите се следните облици: навредување, озборување, вознемирување, лажно претставување, соопштување недозволени информации, измами, исклучување, прогонување и ,,весело шамарање,,.

Вообичаени средства на електронската комуникација преку кои се врши насилството на интернет се: инстант пораки испратени преку Skype, ICQ или Messenger; електронски пораки или e-mail испратени преку електронска пошта; текстуални пораки или sms-пораки по пат на мобилни телефони; станици за социјално вмрежување како што се Facebook, MySpace и Hi5; собите за разговор или chat-соби кои овозможуваат виртуелна комуникација меѓу две или повеќе лица; blogovi како еден вид online дневници; Веб-страници или web sites како места од светската електронска мрежа и интернет игри.

Во едно истражување спроведено во САД во кое биле вклучени ученици на возраст од 10-17 години кои редовно користат интернет, се покажало дека 19% од нив биле изложени на сексуално насилство (преку вулгаризирачки пораки). Од нив 25% доживеале висок степен на стрес, и тоа воглавно девојки на возраст од 10-13 години, потоа децата кои добивале агресивни пораки со секусална содржина и оние случаи во кои насилникот се обидувал да ги наговори на средба (Ćitić, 2009).

Проблемот со агресивноста и насилството на електронските медиуми го проучуваат голем број теоретичари, кои едногласно го подржуваат ставот дека проблемите на екраните се поврзани со оние во реалниот свет.

Имено, насилството на екраните предизвикува силно влијание врз животот на адолесцентите. Тие наоѓајќи се во фазата на созревање и потрага по личниот идентитет не секогаш ги предвидуваат последиците од она што секојдневно им го пласираат медиумите а резултатот од тоа е паѓање во депресија или манифестирање некое општествено-неприфатливо однесување.

Едноставно електронските медиуми треба да се прифатат како неизоставен, корисен и практичен алат без кој не може да се замисли денешниот живот, но треба многу внимателно да ги користиме само нивните предности, а опасностите да ги намалиме во најмала мера.

## 4.5 Општествена дезорганизација

Покрај овие ризик фактори, процесот на развој и созревање на младите е условен од семејството како и од потесната и поширока општествена средина.

Во денешното живеење како резултат на цивилизаторскиот и целокупниот развој на современото општество и на младите луѓе во него, доаѓа до појава на расчекор помеѓу физичкото и психолошкото созревање меѓу младите. На ваков начин младите побрзо созреваат и се развиваат физички и биолошки, а побавно психолошки, интелектуално и социјално (Арнаудовски, 2008:58-59).

Ваквите противречности во развојот на адолесцентите налагаат тие да продолжат со школувањето, настојувајќи да си обезбедат што подобра адаптација и способност за извршување поголем број работни задачи, а со тоа доаѓа до продолжување на периодот на адолесценција и подоцнежно остварување на самостојноста.

Во голема мера се забележува *несигурност кај личноста на младите, врзана со статусот и егзистенцијата,* како и други елементи кои го одликуваат животот на возрасните. Единствено решение за совладување на своите потешкотии или пак не можејќи и воопшто да се соочат со нив, често пати адолесцентите се

препуштаат на сонување, односно фантазирање како начин да се ослободат од проблемите, напнатоста и одбегнување на конфликтите. Како категорија на лица која претставува основа за идниот развиток на општеството, адолесцентите се повеќе сé во потрага по својот идентитет и развивање на својата индувидуалност (Singer, Mikšaj-Todorović,1993:8).

Тие настојуваат да се вклучат во извршувањето на различни активности во општествениот живот, на пр. активирање во различни младински здруженија, невладини организации, користење на општествените ресурси- едукација од формален и неформален тип, учество и следење на спортски активности и/или манифестации од културно забавен карактер. Имајќи ги во предвид последиците од *социо-економската криза* во Република Македонија е оневозможен процесот на развој на една активна и одговорна индивидуа ( продолжено време на едукација, неможност да се најде работа, неможност да се заснова семејство, економска зависност од родителите оттука немање на лична и економска независност) (Предлог-национална стратегија за млади; 29.11.2005).

Живеењето во услови на социо-економски промени во општеството, социјалниот и економскиот статус на адолесцентот неговиот начин на однесување, реагирање и целокупно функционирање е повеќе или помалку одреден од општествениот слој на семејството од каде потекнува. Во основа социјалниот статус на семејството како примарна општествена група, е одреден од материјалната положба како и општествената моќ т.е општествено-политичкото влијание на неговото семејство (Венович, 1991:123).

Многу истражувачи прават корелација меѓу *социоекономскиот статус на семејството на адолесцентите и антисоцијалните појави кои ги манифестираат тие.* Во најголемиот број случаи резултатите од истражувањата покажуваат дека адолесцентите кај кои присуствува агресивно и насилно однесување потекуваат од економски слабо развиени семејства. Родителите во овие семјства се невработени или привремено вработени, корисници на социјална помош, кај нив доминира чувството на инфериорност и срам, социјално повлекување, пропаѓање во една состојба на емоционален немир, депресија, страв од иднината, и во одредени случаи кај нив доаѓа до губење на способноста за обезбедување на основните егзистенцијални потреби како и целокупен надзор, и контрола на своите деца (Filipović, според Radovanović, 2007:260).

На овие социјални фактори треба да им се придружат и *образовниот статус и занимањето на родителите.* Како индикатори во утврдувањето на социо-економскиот статус на семесјтвото се образовниот статус и занимањето на родителите чии деца манифестираат насилничко однесување. Во едно истражување на Bašić и Kovačević (1984) е утврдено дека 5,6% од родителите на малолетнните деликвенти на подрачјето на Хрватска (N=3534) имаат виша или висока стручна подготовка, 19,4% средна подготовка, 15% ниска подготовка, 29,4% имаат завршено основно образование, а 30,5% немаат ниту основно образование. При тоа нивното ниско образовно ниво е во тесна поврзаност со стручната подготовка на родителите како и можноста за вработување (10,3 од нив се службеници, 8,5% се висококвалификувани работници, 24% се квалификувани, 8,9% се полуквалификувани и 48,2% се неквалификувани работници).

Од изнесеното произлегува дека родителите од нискиот слој на семејства се соочуваат со егзистенцијални проблеми и истите се принудени да заработуваат најчесто со препродавање на најразлични ситнурии, собирање пластика, хартија и питачење. Во нивниот обид да ја задоволат материјалната функција на нивното семејство тие истовремено не се во состојба да им обрнат доволно внимание на сопствените деца. Овие деца иако имаат желба да се образуваат и да иммаат детство како нивните врсници, сиромаштијата ги прави да се чувствуваат инфериорно и да живеат со мислата дека нивната судбина е ,,борба за егзистенција,, (Прва детска амбасада во светот Меѓаши, 2011:8).

Оттука произлегува загрижувачката дискрепанца помеѓу она посакувано и оправдано општествено однесување и она кон што целат младите со нивните ставови и интереси во однос на стварноста во која живеат. Во современото општество моделите на однесување се повеќе покажуваат непочитување на моралните принципи, се повредуваат општествените вредности, се јавуваат девијации од различен тип, што ги става младите во ситуација да бидат дволични, да бидат свесни за тоа и истовремено несреќни поради тоа.

## 5. Релевантни истражувања

Во последните години проблемот на насилство станува многу актуелен, тој ги зафаќа сите сфери на човековото живеење и се повеќе се зголемува бројот на истражувања кои го проучуваат овој проблем.

Во Македонија не постојат точни податоци за бројот на малтретирани деца воопшто, а во училишната средина не се води евиденција за обемот и дисперзијата на појавата на насилство. Но, треба да се земе во предвид фактот дека од 10.000 јавувања на СОС телефонот во Детскта амбасада ,,Меѓаши,, 8,6% се однесувале на барање помош поради изложеност на насилство (физичко, психичко или сексуално) (Цонева, Василевска, Ангеловска, 2008:12).

Арнаудова (2012:199-200) правејќи истражување за присуството на насилство во установите за социјална заштита во Скопје, вклучила 145 испитаници од 8-18 годишна возрст. Добиените резултати покажале дека децата кои се на помала возраст почесто се изложени на емоционално и физичко насилство од страна на постарите, а некои од нив подоцна стануваат провокативни жртви, односно истовремено истите се јавуваат како вршители на насилството и се дел од т.н ,,магичен круг,,.

Континуираниот пораст на насилството кај новите генерации може да се констатира и во истражувањето на Киткањ (2009:117) кое го проучува проблемот на престапничко однесување кај малолетните лица во Р. Македонија во периодот од (1998-2007). Во десетгодишниот анализиран период (1998-2007) од вкупниот број на осудени малолетници 45,1% се помлади, а 54,9% постари малолетни лица.

Ако пак се земе во предвид застапеноста на малолетниците во вкупниот број на население во периодот (1998-2007) може да се констатира дека учеството на малолетните сторители на кривични дела во вкупниот криминалитет е поголемо речиси за 30% во однос на возрасните (Киткањ, 2008:590).

Според истражувањето направено од Илиќ. и неговите сор. за пречките и пореметувањата во социјалниот развој кај децата од младата училишна возраст (од второ до четврто одделение) 4% од децата се физички занемарувани, 2% доживуваат физичко насилство во семејството, 5% психичко насилство, 6% од децата манифестираат физичка агресија а 4% вербална агресија насочена кон врсниците (Golubović S. 2003:215).

Според податоците на истражувањето ,,Училиште без насилство,, спроведено од УНИЦЕФ во основните училишта во Србија, е констатирано дека 28% од

учениците се во ,,круговите на насилно однесување,, а 72% не се вклучени во насилните интеракции (UNICEF. 2006).

Мејовшек правел истражување за влијанието на семејството врз развојот на насилни деликти кај адоелсцентите. За таа цел испитувал примерок од 606 малолетни деликвенти кои извршиле насилен деликт и 592 малолетни деликвенти кои извршиле ненасилен деликт, притоа заклучил дека кај првите доминираат неповолни семејни прилики поради што овие малолетници манифестираат насилно однесување и извршуваат поголем број казниви дела (Mejovšek, 1996:1-11).

Во осумдесетите години на минатиот век во скандинавските земји (Норвешка и Шведска) дошло до самоубиство на тројца ученици, за потоа норвешкото министерство да побара да се направи истражување во седумстотини училишта опфаќајќи ученици на возраст од 8-16 години. Резултатите покажале дека секој седми ученик има проблем со насилното однесување (Olweus, 1993).

Бројноста на ученици изложени на насилство варира во зависност од државата, според степенот држави кои се наоѓаат на врвот се: Естонија, Гренланд, Летонија, Литванија, Португалија и Украина, а држави со најмала застапеност на училишно насилство се: Шведска, Хрватска, Чешка и Словенија (Trebješanin, 2008:196).

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1 Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се агресивноста и насилството, појави кои ги манифестираат адолесцентите од посебните и редовните средни училишта во Скопје.

### 1.2 Цел и карактер на истражувањето

Основна цел на истражувањето е утврдување на формите и облиците на насилство и агресија кај адолесцентите од посебните средни училишта споредени со оние од редовните средни училишта, како и ризик факторите кои ја иницираат нивната појава.

Според карактерот ова истражување има:

-Квантитативно-квалитативен каратер, бидејќи проблемот на насилство и агресија се проучува со примена на кванитативни и квалитативни техники на истражување;

-Компаративно, односно се врши споредба на резултатите добиени кај адолесцентите од посебните и оние од редовните средни училишта на територијата на Скопје.

### 1.3 Задачи на истражувањето

Задачи кои ќе придонесат за реализација на поставените цели:

- Да се утврди фрекфенцијата на насилно однесување кај учениците во посебните и редовните средни училишта;
- Да се утврдат видовите на насилно и агресивно однесување кај учениците во посебните и редовните средни училишта;
- Да се утврдат начините на манифестирање на овие појави кај учениците;
- Да се утврди дистрибуцијата на насилство и агресија кај учениците според полот;

- Да се утврди дистрибуцијата на насилство и агресија според етничката припадност;
- Да се утврдат училишните постигнувања кај учениците кои манифестираат насилство и агресија;
- Да се утврди образовната структура на родителите на оваа категорија ученици;
- Да се утврди влијанието на социјално-материјалните можности во семејството;
- Да се утврди негативното влијание на електронските и печатените медиуми;
- Да се утврди какво е влијанието на социјалните мрежи (facebook, MySpace, Linkdin, twitter, Hi5) кај младите.

## 1.4 Хипотези

Од досегашните сознанија и резултатите кои очекуваме да ги добиеме од ова истражување беа поставени следните хипотези:

- Учениците со посебни образовни потреби во споредба со нивните врсници од редовните училишта, манифестираат насилно однесување во помал обем и интензитет.
- Се претпоставува дека кај учениците доминира психичкото насилство.
- Директната агресија и насилството се најчесто манифестирани форми на однесување.
- Учениците од машки пол во поголем степен манифестираат насилничко однесување.
- Манифестирањето на насилничкото однесување кај учениците од различните етнички групи е пропорционално на нивната процентуалната застапеност во училиштата.
- Учениците со насилничко однесување постигнуваат послаби училишни резултати (школски успех, редовност и поведение).
- Најголем број од учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од родители со ниска образовна структура.
- Учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од дисфункционални семејства.

- Претпоставуваме дека учениците со нарушено поведение потекнуваат од семејства со неадекватни семејно-материјални можности.
- Неадекватнто користење на социјалните мрежи (facebook, MySpace, Linkdin, twitter,Hi5) го зголемува насилството и агресивноста кај младите.

## 1.5 Варијабли во истражувањето

### *1.5.1 Независни варијабли*

- Пол
- Календарска возраст
- Етничка припадност
- Училишен успех и поведение
- Образовна структура на родителите
- Занимање на родителите
- Станбено-материјални можности
- Место на живеење
- Структура на семејство

### *1.5.2 Зависни варијабли*

- Видови на насилство
- Видови на агресија
- Начини на манифестирање на насилство

## 1.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во текот на истражувањето ќе се применат следните *методи:*

- Дескриптивен метод
- Метод на компаративна анализа

*Техники на истражување*

- Анализа на документација:

- досие за учениците кои ги водат членовите на стручниот тим (дефектолог, психолог, педагог, социјален работник), од кои добивме информации за интелектуалниот и социо-економскиот статус на испитаниците;
- дневници за воспитно образовна работа, кои ни дадоа информации за училишниот напредок на учениците;

• Анкетирање

Преку техниката на анкетирање обезбедивме податоци за ставовите и мислењата на класните раководители и учениците за ризик факторите, формите и последиците на насилство кај учениците.

• Полуструктуирано интервју

Со помош на оваа техника беа испитувани членовите на стручниот тим.

*Инструменти на истражување*

Во рамките на ова истражување беа користени следните инструменти на истражување:

• Прашалник за класните раководители
• Прашалник за ученици
• Протокол на интервју за членовите на стручниот тим

Анкетните прашалници кои се спроведуваа беа од анонимен карактер, со цел да се добие поголема веродостојност на одговорите, односно поголема сигурност на податоците.

На самиот почеток прашалникот содржеше краток вовед за проблемот на истражување, односно дефиниција за поимот насилство и неговите облици на јавување, поткрепени со примери. Ова воведно објаснување беше внесено во прашалникот за да им помогне на испитаниците подобро да се запознаат со карактеристиките на насилното и агресивното однесување, односно полесно да ги разберат прашањата и да го изберат соодветниот одговор.

*Прашалниците за учениците* беа составени од 25 прашања од затворен тип кои се однесуваа на формите на насилство и агресија, начинот на нивно манифестирање и причините за нивната појава. За секое од прашањата даваа одговор за две понудени категории: вршител на насилството (ученик до 16 год./ 16-19 год.) и зачестеноста на насилството (никогаш/понекогаш/често/секогаш).

*Прашалниците за класните раководители,* покрај оние 25 прашања преземени од прашалникот наменет за учениците, содржеа уште 5 дополнителни

прашања со повеќе член избор, кои се поврзани со утврдување на причините за појавата на насилство (влијанито на етничката припадност/станбено-материјални прилики на живеење/ место на живеење/образование на родителите/дополнителни нарушувања).

*Полуструктуираното интервју за членовите на стручниот тим* беше реализирано според однапред утврден термин, со нивно почетно запознавање со насловот и суштината на истражувањето, и приложување на одобрението за негово спроведување од страна на Министерството за образование и наука. Во рамките на ова интервју беа опфатени 16 прашања од отворен и затворен тип, и со повеќе член извор.

## 1.7 Примерок и место на истражувањето

Примерокот во текот на испитувањето го опфаќаа учениците, класните раководители и членовите на стручниот тим од пет редовни и три посебни средни училишта во Скопје.

- Учениците вклучени во испитувањето посетуваа настава од I до IV година во државните средни училишта: ДСУ,,Наум Охридски", ДСУ,,Партенија Зографски", ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов", ДСУ,,Јосип Броз Тито", ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин", ДСУ,,Здравко Цветковски", СЕТУ,,Михајло Пупин" и АСУЦ,,Боро Петрушевски". Примерокот го сочинуваа 243 адолесценти на возраст од 14 до 19 години.
- Втората група испитаници ја сочинуваат класните раководители кои се вработени во истите осум училишта како и учениците, и формираат примерок од 111 испитаници.
- Третата група испитаници ја сочинуваат членовите на стручниот тим од горенаведените осум училишта. Во рамките на редовните средни училишта беа испитувани по двајца соработници од тимот најчесто тоа беа психолог и педагог, а додека во посебните средни училишта составот на тимот беше проширен со уште еден соработник дефектолог или социјален работник. Примерокот од оваа група се состои од 18 испитаници.

- ## Дескриптивни податоци

**Табела 1. Структура на примерокот на ученици во посебните и редовните државни средни училишта**

| Училиште | фрекфенција | % |
|---|---|---|
| ДСУ,,Јосип Броз Тито,, | 34 | 14,0 |
| ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин,, | 32 | 13,2 |
| СЕТУ,,Михајло Пупин,, | 35 | 14,4 |
| АСУЦ,,Боро Петрушевски,, | 44 | 18,1 |
| ДСУ,,Здравко Цветковски,, | 40 | 16,5 |
| ДСУ,,Димитар Влахов,, | 17 | 7,0 |
| ДСУ,,Партеније Зографски,, | 24 | 9,9 |
| ДСУ,,Наум Охридски,, | 17 | 7,0 |
| Вкупно | 243 | 100,0 |

Истражувањето се спроведе во осум државни средни училишта во Скопје и тоа, ДСУ,,Јосип Броз Тито"(34 ученици), ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин"(32 ученици), СЕТУ,,Михајло Пупин"(35 ученици), АСУЦ,,Боро Петрушевски"(44 ученици), ДСУ,,Здравко Цветковски"(40 ученици), ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов"(17 ученици), ДСУ,,Партенија Зографски"(24 ученици) и ДСУ,,Наум Охридски"(17 ученици). Примерокот е пригоден и го сочинуваат ученици кои во учебната 2011-12 година беа на располагање во моментот на тестирањето.




**Слика 1. Графички приказ на примерокот според бројот на ученици во училиштетото**

**Табела 2. Структура на примерокот на класни раководители во посебните и редовните државни средни училишта**

| Училиште | фрекфенција | % |
|---|---|---|
| ДСУ,,Јосип Броз Тито,, | 9 | 8,1 |
| ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин,, | 13 | 11,7 |
| СЕТУ,,Михајло Пупин,, | 19 | 17,1 |
| АСУЦ,,Боро Петрушевски,, | 24 | 21,6 |
| ДСУ,,Здравко Цветковски,, | 20 | 18,0 |
| ДСУ,,Димитар Влахов,, | 8 | 7,2 |
| ДСУ,,Партеније Зографски,, | 5 | 4,5 |
| ДСУ,,Наум Охридски,, | 13 | 11,7 |
| Вкупно | 111 | 100,0 |

Во Табела 2 е даден опис на примерокот на класните раководители кои учествуваа во рамките на ова истражување. Наставниците, исто како и учениците се вработени во истите осум училишта и тоа во ДСУ,,Јосип Броз Тито"(9 класни раководители), ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин"(13 класни раководители), СЕТУ,,Михајло Пупин"(19 класни раководители), АСУЦ,,Боро Петрушевски"(24 класни раководители), ДСУ,,Здравко Цветковски"(20 класни раководители), ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов"(8 класни раководители), ДСУ,,Партенија Зографски"(5 класни раководители) и ДСУ,,Наум Охридски"(13 класни раководители) и формираат примерок од вкупно 111 наставнци.




**Слика 2. Графички приказ на примерокот според бројот на класни раководители во училиштетото**

**Табела 3. Структура на примерокот на стручните тимови во посебните и редовните државни средни училишта**

| Училиште | фрекфенција | % |
|---|---|---|
| ДСУ,,Јосип Броз Тито,, | 1 | 5,0 |
| ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин,, | 2 | 11,0 |
| СЕТУ,,Михајло Пупин,, | 2 | 11,0 |
| АСУЦ,,Боро Петрушевски,, | 2 | 11,0 |
| ДСУ,,Здравко Цветковски,, | 2 | 11,0 |
| ДСУ,,Димитар Влахов,, | 3 | 17,0 |
| ДСУ,,Партеније Зографски,, | 3 | 17,0 |
| ДСУ,,Наум Охридски,, | 3 | 17,0 |
| Вкупно | 18 | 100,0 |

Во рамките на спроведувањето на воспитно-образовниот процес во овие училишта значајна улога имаат членовите на стручниот тим, во чиј состав влегуваат по двајца или тројца стручњаци во секое училиште. Во табела 3 е даден опис на примерокот на стручните тимови кој го сочинуваат вкупно 18 стручњаци, во следниот состав: ДСУ,,Јосип Броз Тито"(1 стручњак), ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин"(2 стручњаци), СЕТУ,,Михајло Пупин"(2 стручњаци), АСУЦ,,Боро Петрушевски"(2 стручњаци), ДСУ,,Здравко Цветковски"(2 стручњаци), ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов"(3 стручњаци), ДСУ,,Партенија Зографски"(3 стручњаци), и ДСУ,,Наум Охридски"(3 стручњаци).




**Слика 3. Графички приказ на примерокот според бројот на членови на стручниот тим во училиштетото**

## 1.8 Статистичка обработка на податоците

Во изработката на овој труд е употребена квантитативната метода за истражување на насилството врз децата во редовните и посебните средни училишта во Скопје.

Во ова емпириско истражување проблемот се проучува преку мерење на појавата, односно со примена на квантитативната истражувачка стратегија. Квантитативниот приод е употребен при формулацијата на хипотезите, конструкциите на варијаблите и анализата на односите меѓу варијаблите. За таа цел, се спроведе анкета со прашалник и за учениците и за класните раководители во средните училишта во Скопје.

Квантитативното истражување е подржано со квалитативна техника-полуструктурирано интервју, со претставниците од стручните служби во училиштата заради добивање на повалидни и порелијабилни резултати.

Обработката на податоците добиени со помош на интервјуата е направена врз основа на користење на кодови, групирање на податоците и нивно категоризирање и наведување на позначајните коментари во резултатите за да се добие целосна слика.

За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување се користени:

- аритметичка средина - која претставува збир на мерни податоци поделени со бројот на мерења;
- Стандардна девијација - или мерка на варијабилност која се користи за мерење на варијабилноста на податоците, како најдобар индикатор за растурањето на скоровите во примерокот и претставува основа за проценка на варијабилноста на појавата во популацијата.
- За да се утврдат разликите помеѓу групите се користи t-тест на статистичка значајност и АНОВА, а за да се утврди поврзаноста на варијаблите-Пирсонов коефициент на корелација.

При квантитативниот приод се користат и следните статистички методи и техники:

- Групирање и табелирање на податоците;
- Диструбуција на фрекфенција, заради утврдување на зачестеноста на појавата;

- Вкрстени табели
- Хи-квадрат

## 1.9 Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се реализира во три гимазиски училишта (ДСУ,,Јосип Броз - Тито", ДСУ,,Раде Јовчевски Корчагин", ДСУ,,Здравко Цветковски"); во две стручни училишта (СЕТУ,,Михајло Пупин", АСУЦ,,Боро Петрушевски"); и во три посебни средни училишта (ДСУ ,,Димитар Влахов", ДСУ,,Партенија Зографски" и ДСУ,,Наум Охридски").

За ефикасно реализирање на истражувањето однапред беа утврдени сите активности.

- Однапред утврдување на времето и местото во училиштата за спроведување на полуструктуираното интервју со членовите на стручниот тим.
- Истовремено беа поделени и анкетните листови наменети за класните раководители и учениците од I до IV година.
- Во училиштата во кои се изведува настава на албански јазик (АСУЦ,,Боро Петрушевски" и ДСУ,,Здравко Цветковски) за да се обезбеди порелевантен примерок, анкетните прашалници беа преведени на албански јазик заради подобра коресподенција со оваа група на испитаници.
- Во посебните средни училишта ДСУ,,Наум Охридски" и ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов" поради природата на оштетувањето анкетирањето се вршеше поединечно со секој испитаник. Кај оние ученици со интелектуална попреченост беше потребно прилагодување на јазикот и формулацијата на прашањата, за да се добијат потребните одговори. Додека во ДСУ,,Партенија Зографски", поради специфичноста на оштетувањето и моето непознавање на знаковниот јазик, наставници ми помогнаа во пополнувањето на прашалниците наменети за учениците.

# 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ОБРАБОТКА НА ХИПОТЕЗИТЕ

Во согласност со проблемот на истражувањето формулирани се следниве хипотези на ова истражување, кои се дадени и обработени сукцесивно:

## 2.1 Се претпоставува дека учениците со посебни образовни потреби во помал обем и со послаб интензитет манифестираат насилно однесување

Во табела 4 прикажани се одговорите на учениците за формите на насилство кои ги вршат учениците во редовните и посебните средни училишта.

**Табела 4. Обем и форми на насилство кај учениците**

| Форми на насилство кои ги вршат учениците | | Редовно средно училиште | | | | Посебно средно училиште | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Никој | Ученик до 16 години | Ученик од 16-19 год | Двете возрасни групи | Никој | Ученик до 16 години | Ученик од 16-19 год | Двете возрасни групи |
| Потсмевање, наврдување | N | 35 | 63 | 63 | 24 | 13 | 6 | 28 | 11 |
| | % | 18,9 | 34,1 | 34,1 | 13,0 | 22,4 | `10,3 | 48,3 | 19,0 |
| гнорирање, вознемирување | N | 44 | 58 | 62 | 21 | 19 | 6 | 23 | 10 |
| | % | 23,8 | 31,4 | 33,5 | 11,4 | 32,8 | 10,3 | 39,7 | 17,2 |
| Зборување невистини | N | 28 | 70 | 62 | 25 | 10 | 10 | 27 | 11 |
| | % | 15,1 | 37,8 | 33,5 | 13,5 | 17,2 | 17,2 | 46,6 | 19,0 |
| Заканување | N | 82 | 29 | 67 | 7 | 32 | 5 | 18 | 3 |
| | % | 44,3 | 15,7 | 36,2 | 3,8 | 55,2 | 8,6 | 31,0 | 5,2 |
| Намерно затворање или заклучување во соба | N | 157 | 11 | 17 | / | 50 | 2 | 5 | 1 |
| | % | 84,9 | 5,9 | 9,2 | 0 | 86,2 | 3,4 | 8,6 | 1,7 |
| мање пари или уништување на предмети | N | 127 | 30 | 26 | 2 | 34 | 5 | 15 | 4 |
| | % | 68,6 | 16,2 | 14,1 | 1,1 | 58,6 | 8,6 | 25,9 | 6,9 |
| Принудување на крадење | N | 162 | 6 | 17 | / | 52 | 1 | 5 | / |
| | % | 87,6 | 3,2 | 9,2 | 0 | 89,7 | 1,7 | 8,6 | 0 |
| Давање дрога или инудување да им се дава на другите | N | 157 | 3 | 25 | / | 58 | / | / | / |
| | % | 84,9 | 1,6 | 13,5 | 0 | 100 | 0 | 0 | 0 |
| Тепање/удирање со стап, линијар или друг предмет | N | 112 | 22 | 46 | 5 | 35 | 3 | 16 | 4 |
| | % | 60,5 | 11,9 | 24,9 | 2,7 | 60,3 | 5,2 | 27,6 | 6,9 |
| ирање шамар, виткање рака или влечење за коса | N | 93 | 36 | 52 | 4 | 31 | 5 | 16 | 6 |
| | % | 50,3 | 19,5 | 28,1 | 2,2 | 53,4 | 8,6 | 27,6 | 10,3 |
| Бакнување на сила | N | 152 | 8 | 25 | / | 50 | 2 | 6 | / |
| | % | 82,2 | 4,3 | 13,5 | 0 | 86,2 | 3,4 | 10,3 | 0 |
| Соблекување и допирање против желба | N | 169 | 6 | 10 | / | 56 | / | 2 | / |
| | % | 91,4 | 3,2 | 5,4 | 0 | 96,6 | 0 | 3,4 | 0 |
| Іринудување на сексуален однос | N | 165 | 6 | 14 | / | 55 | / | 3 | / |
| | % | 89,2 | 3,2 | 7,6 | 0 | 94,8 | 0 | 5,2 | 0 |
| блекување и покажување на генитални органи | N | 143 | 7 | 34 | 1 | 51 | 1 | 6 | / |
| | % | 77,3 | 3,8 | 18,4 | 0,5 | 87,9 | 1,7 | 10,3 | 0 |

На табела 4 прикажана е корелација меѓу категориите ***сторители на насилство*** (никој/ученик до 16 год./од 16 до 19 год./двете возрасни групи) од редовните и посебните средни училишта за психичките, физичките и сексуалните форми на насилство.

Според резултатите прикажани на табела 4 констатираме дека *учениците од посебните средни училишта* (во натамошниот текст ПСУ) *во помал обем вршат насилство за разлика од нивните врсници во редовните средни училишта* (во натамошниот текст РСУ).

Добиените податоци од табела 4 укажуваат дека учениците од ПСУ во помал обем манифестираат форми на психичко насилство. Односно од вкупниот обем на насилство, психичкото е застапено со 34,58% кај учениците со посебни образовни потреби, а 65,42% кај нивните врсници од редовните училишта.

Од табела 4 исто така може да се констатира дека најфрекфентни форми на психичко насилство кај сите ученици се: *потсмевање и наврдување*, *игнорирање и вознемирување*, *зборување невистини*, *земање пари и унишување на предмети* и сл.

**Табела 5. Обем и форми на насилство според класните раководители**

| Форми на насилство кои ги вршат учениците | | Редовно средно училиште | | | | Посебно средно училиште | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Никој | Ученик до 16г | Ученик 16-19г | Двете групи | Никој | Ученик до 16г | Ученик 16-19г | Двете групи |
| Исмевање, наврдување со погрдни зборови | N | 2 | 26 | 29 | 28 | 3 | 5 | 7 | 11 |
| | % | 2,4 | 30,6 | 34,1 | 32,9 | 11,5 | 19,2 | 26,9 | 42,3 |
| Ширење лаги и невистини | N | 5 | 19 | 32 | 29 | 3 | 4 | 8 | 11 |
| | % | 5,9 | 22,4 | 37,6 | 34,1 | 11,5 | 15,4 | 30,8 | 42,3 |
| Заканување и заплашување | N | 22 | 12 | 37 | 14 | 10 | 2 | 9 | 5 |
| | % | 25,9 | 14,1 | 43,5 | 16,5 | 38,5 | 7,7 | 34,6 | 19,2 |
| Присилување на продавање дрога | N | 55 | 7 | 19 | 4 | 24 | / | 2 | / |
| | % | 64,7 | 8,2 | 22,4 | 4,7 | 92,3 | 0 | 7,7 | 0 |
| Присилување на крадење | N | 51 | 12 | 18 | 4 | 14 | 4 | 6 | 2 |
| | % | 60,0 | 14,1 | 21,2 | 4,7 | 53,5 | 15,4 | 23,1 | 7,7 |
| Одземање на пари | N | 30 | 13 | 35 | 7 | 8 | 2 | 12 | 4 |
| | % | 35,3 | 15,3 | 41,2 | 8,2 | 30,8 | 7,7 | 46,2 | 15,4 |
| Уништување на предмети | N | 21 | 12 | 36 | 16 | 21 | / | 5 | / |
| | % | 24,7 | 14,1 | 42,4 | 18,8 | 80,8 | 0 | 19,2 | 0 |
| Удирање шамар, виткање рака или влечење за коса | N | 23 | 14 | 30 | 18 | 9 | 5 | 7 | 5 |
| | % | 27,1 | 16,5 | 35,3 | 21,2 | 34,6 | 19,2 | 26,9 | 19,2 |
| Предизвикување и/или учество во тапачка ВО училиштето | N | 18 | 15 | 38 | 14 | 5 | 2 | 11 | 8 |
| | % | 21,2 | 17,6 | 44,7 | 16,5 | 19,2 | 7,7 | 42,3 | 30,8 |
| Предизвикување и/или учество во тапачка НАДВОР од училиштето | N | 16 | 16 | 34 | 19 | 18 | / | 6 | 2 |
| | % | 18,8 | 18,8 | 40,0 | 22,4 | 69,2 | 0 | 23,1 | 7,7 |
| Бакнување и допирање по интимните делови од телото | N | 51 | 6 | 23 | 5 | 16 | 1 | 8 | 1 |
| | % | 60,0 | 7,1 | 27,1 | 5,9 | 61,5 | 3,8 | 30,8 | 3,8 |
| Принудување на сексуален однос | N | 77 | / | 8 | / | 21 | / | 5 | / |
| | % | 90,6 | 0 | 9,4 | 0 | 80,8 | 0 | 19,2 | 0 |

Од податоците прикажани на табела 5, може да се констатира дека психичкото насилство е во помал обем застапено кај учениците со ПОП и според податоците добиени од класните раководители.

Обемот на насилство според класните раководители е очекувано помал бидејќи само мал број ученици кои се жртви на било кој вид на насилство сакаат да зборуваат за своите чувства, поради што остануваат неевидентирани.

Прашањата, пак, кои се однесуваат на формите на физичко и сексуално насилство, пополнети од страната на учениците (во табела 4) зборуваат дека повеќе од половина испитаници од РСУ и ПСУ никогаш не ги извршиле овие облици на насилство.

Овие резултати се поклопуваат со одговорите добиени од класните раководители во Табела 5, но само за обликот на сексуално насилство. Додека одговорите за физичкото насилство покажуваат дека учениците од ПСУ помалку се јавуваат како негови вршители.

Овие разлики во однос на физичкото и сексуалното насилство кај учениците од РСУ и ПСУ,најдобро се гледаат на следниот график.




**Слика 4. Графички приказ на разликите меѓу формите на физичко и формите на сексуално насилство**

Резултатите од одговорите на учениците и класните раководители во однос на ***сторителите на насилство*** покажаа дека *учениците од посебните средни училишта помалку се јавуваат како сторители на насилство во однос на нивните врсници од редовните средни училишта.*

Таквата констатација се потврдува и со вториот дел од прашањата за формите на насилство, со кои ја испитувавме ***зачестеноста на насилството*** *(никогаш/понекогаш/често/секогаш)*.

Според учениците, но и според класните раководители, најголем број од учениците од ПСУ ***никогаш*** не сториле некоја од наведените форми на насилство.

Од наведените резултати во табела 6 и табела 7 добиени *од учениците и класните раководители,* може да се констатира дека *најзачестени форми на насилство според фрекфенцијата на појавување* се: потсмевање и навредување, заканување, уништување на предмети и намерно затворање или заклучување во соба.

Во однос на одговорите добиени од класните раководители најзастапени форми на насилство кај учениците покрај горенаведените се: ширење лаги и невистини, присилување на продавање дрога (РСУ), удирање шамар, виткање рака или влечење за коса, предизвикување и/или учество во тепачка ВО училиштето и принудување на сексуален однос.

**Табела 6. Компарација на зачестеноста на насилството според учениците**

| Форми на насилство кои ги вршат учениците | | Редовно средно училиште | | | | Посебно средно училиште | | | | Вкупна зачестеност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш | Никогаш | [illegible] | [illegible] | [illegible] | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш |
| Потсмевање, наврдување | N | 28 | 70 | 62 | 25 | 10 | 10 | 27 | 11 | 38 | 28 | 70 | 62 |
| | % | 15,1 | 37,8 | 33,5 | 13,5 | 17,2 | 17,2 | 46,6 | 19,0 | 15,6 | 15,1 | 37,8 | 33,5 |
| Игнорирање, вознемирување | N | 157 | 11 | 17 | / | 50 | 2 | 5 | 1 | 207 | 157 | 11 | 17 |
| | % | 84,9 | 5,9 | 9,2 | 0 | 86,2 | 3,4 | 8,6 | 1,7 | 85,2 | 84,9 | 5,9 | 9,2 |
| Заканување | N | 127 | 30 | 26 | 2 | 34 | 5 | 15 | 4 | 161 | 127 | 30 | 26 |
| | % | 68,6 | 16,2 | 14,1 | 1,1 | 58,6 | 8,6 | 25,9 | 6,9 | 66,3 | 68,6 | 16,2 | 14,1 |
| Зборување невистини | N | 162 | 6 | 17 | / | 52 | 1 | 5 | / | 214 | 162 | 6 | 17 |
| | % | 87,6 | 3,2 | 9,2 | 0 | 89,7 | 1,7 | 8,6 | 0 | 88,1 | 87,6 | 3,2 | 9,2 |
| Намерно затворање или заклучување во соба | N | 35 | 63 | 63 | 24 | 13 | 6 | 28 | 11 | 48 | 35 | 63 | 63 |
| | % | 18,9 | 34,1 | 34,1 | 13,0 | 22,4 | 10,3 | 48,3 | 19,0 | 19,8 | 18,9 | 34,1 | 34,1 |
| Земање пари или уништување на предмети | N | 44 | 58 | 62 | 21 | 19 | 6 | 23 | 10 | 63 | 44 | 58 | 62 |
| | % | 23,8 | 31,4 | 33,5 | 11,4 | 32,8 | 10,3 | 39,7 | 17,2 | 25,9 | 23,8 | 31,4 | 33,5 |
| Принудување на крадење | N | 82 | 29 | 67 | 7 | 32 | 5 | 18 | 3 | 114 | 82 | 29 | 67 |
| | % | 44,3 | 15,7 | 36,2 | 3,8 | 55,2 | 8,6 | 31,0 | 5,2 | 46,9 | 44,3 | 15,7 | 36,2 |
| Давање дрога или принудување да им се дава на другите | N | 152 | 8 | 25 | / | 50 | 2 | 6 | / | 202 | 152 | 8 | 25 |
| | % | 82,2 | 4,3 | 13,5 | 0 | 86,2 | 3,4 | 10,3 | 0 | 83,1 | 82,2 | 4,3 | 13,5 |
| Тепање/удирање со стап, линијар или друг предмет | N | 169 | 6 | 10 | / | 56 | / | 2 | / | 225 | 169 | 6 | 10 |
| | % | [illegible] | 3,2 | 5,4 | 0 | [illegible] | 0 | 3,4 | 0 | 92,6 | 91,4 | 3,2 | 5,4 |
| Удирање шамар, виткање рака или влечење за коса | N | 165 | 6 | 14 | / | 55 | / | 3 | / | 220 | 165 | 6 | 14 |
| | % | [illegible] | 3,2 | 7,6 | 0 | [illegible] | 0 | 5,2 | 0 | 90,5 | 89,2 | 3,2 | 7,6 |
| Бакнување на сила | N | 143 | 7 | 34 | 1 | 51 | 1 | 6 | / | 194 | 143 | 7 | 34 |
| | % | [illegible] | 3,8 | 18,4 | 0,5 | 87,9 | 1,7 | 10,3 | 0 | 79,8 | 77,3 | 3,8 | 18,4 |
| Соблекување и допирање против желба | N | 157 | 3 | 25 | / | 58 | / | / | / | 215 | 157 | 3 | 25 |
| | % | 84,9 | 1,6 | 13,5 | 0 | [illegible] | 0 | 0 | 0 | 88,5 | 84,9 | 1,6 | 13,5 |
| Принудување на сексуален однос | N | 112 | 22 | 46 | 5 | 35 | 3 | 16 | 4 | 147 | 112 | 22 | 46 |
| | % | [illegible] | 11,9 | 24,9 | 2,7 | 60,3 | 5,2 | 27,6 | 6,9 | 60,5 | 60,5 | 11,9 | 24,9 |
| Соблекување и покажување на генитални органи | N | 93 | 36 | 52 | 4 | 31 | 5 | 16 | 6 | 124 | 93 | 36 | 52 |
| | % | 50,3 | 19,5 | 28,1 | 2,2 | [illegible] | 8,6 | 27,6 | 10,3 | 51,0 | 50,3 | 19,5 | 28,1 |

## Табела 7. Компарација на зачестеноста на насилство според класните раководители

| Форми на насилство кои ги вршат учениците | | Редовно средно училиште | | | | Посебно средно училиште | | | | Вкупна зачестеност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш |
| Исмевање, наврдување со погрдни зборови | N | 21 | 12 | 36 | 16 | 21 | / | 5 | 21 | 42 | 12 | 41 | 16 |
| | % | 24,7 | 14,1 | 42,4 | 18,8 | 80,8 | 0 | 19,2 | 24,7 | 37,8 | 10,8 | 36,9 | 14,4 |
| Ширење лаги и невистини | N | 23 | 14 | 30 | 18 | 9 | 5 | 7 | 23 | 32 | 19 | 37 | 23 |
| | % | 27,1 | 16,5 | 35,3 | 21,2 | 34,6 | 19,2 | 26,9 | 27,1 | 28,8 | 17,1 | 33,3 | 20,7 |
| Заканување и заплашување | N | 18 | 15 | 38 | 14 | 5 | 2 | 11 | 18 | 23 | 17 | 49 | 22 |
| | % | 21,2 | 17,6 | 44,7 | 16,5 | 19,2 | 7,7 | 42,3 | 21,2 | 20,7 | 15,3 | 44,1 | 19,8 |
| Присилување на продавање дрога | N | 16 | 16 | 34 | 19 | 18 | / | 6 | 16 | 34 | 16 | 40 | 21 |
| | % | 18,8 | 18,8 | 40,0 | 22,4 | 69,2 | 0 | 23,1 | 18,8 | 30,6 | 14,4 | 36,0 | 18,9 |
| Присилување на крадење | N | 51 | 6 | 23 | 5 | 16 | 1 | 8 | 51 | 67 | 7 | 31 | 6 |
| | % | 60,0 | 7,1 | 27,1 | 5,9 | 61,5 | 3,8 | 30,8 | 60,0 | 60,4 | 6,3 | 27,9 | 5,4 |
| Одземање на пари | N | 77 | / | 8 | / | 21 | / | 5 | 77 | 98 | / | 13 | / |
| | % | 90,6 | 0 | 9,4 | 0 | 80,8 | 0 | 19,2 | 90,6 | 88,3 | 0 | 11,7 | 0 |
| Уништување на предмети | N | 2 | 26 | 29 | 28 | 3 | 5 | 7 | 2 | 5 | 31 | 36 | 39 |
| | % | 2,4 | 30,6 | 34,1 | 32,9 | 11,5 | 19,2 | 26,9 | 2,4 | 4,5 | 27,9 | 32,4 | 35,1 |
| Удирање шамар, виткање рака или влечење за коса | N | 5 | 19 | 32 | 29 | 3 | 4 | 8 | 5 | 8 | 23 | 40 | 40 |
| | % | 5,9 | 22,4 | 37,6 | 34,1 | 11,5 | 15,4 | 30,8 | 5,9 | 7,2 | 20,7 | 36,0 | 36,0 |
| Предизвикување и/или учество во тапачка ВО училиштето | N | 22 | 12 | 37 | 14 | 10 | 2 | 9 | 22 | 32 | 14 | 46 | 19 |
| | % | 25,9 | 14,1 | 43,5 | 16,5 | 38,5 | 7,7 | 34,6 | 25,9 | 28,8 | 12,6 | 41,4 | 17,1 |
| Предизвикување и/или учество во тапачка НАДВОР од училиштето | N | 55 | 7 | 19 | 4 | 24 | / | 2 | 55 | 79 | 7 | 21 | 4 |
| | % | 64,7 | 8,2 | 22,4 | 4,7 | 92,3 | 0 | 7,7 | 64,7 | 71,2 | 6,3 | 18,9 | 3,6 |
| Бакнување и допирање по интимните делови од телото | N | 51 | 12 | 18 | 4 | 14 | 4 | 6 | 51 | 65 | 16 | 24 | 6 |
| | % | 60,0 | 14,1 | 21,2 | 4,7 | 53,5 | 15,4 | 23,1 | 60,0 | 58,6 | 14,4 | 21,6 | 5,4 |
| Принудување на сексуален однос | N | 30 | 13 | 35 | 7 | 8 | 2 | 12 | 30 | 38 | 15 | 47 | 11 |
| | % | 35,3 | 15,3 | 41,2 | 8,2 | 30,8 | 7,7 | 46,2 | 35,3 | 34,2 | 13,5 | 42,3 | 9,9 |

За да добиме статистички релевантни податоци кои ќе ги потврдат резултатите добиените во Табела 4, 5, 6 и 7, а се во прилог на поставената хипотеза, применувавме вкрстени табели во кои се врши вкрстување на споредуваните варијабли (видовите на насилство и вршителите на насилството, како и видовите на насилство и зачестеноста на насилтво кај учениците и класните раководители во редовните и посебните средни училишта) кои го потврдуваат обемот и степенот на манифестрирање на насилното однесување.

Во табелите кои следуваат со примена на т-тест и АНОВА како и Пирсонов коефициент на корелација пресметана е вкупната аритметичка средина на манифестирање на насилството според одговорите во прашалниците. Поединечно пресметани се и аритметички средини за секое училиште со цел да се утврдат евентуалните разлики во рамки на примерокот (редовни и посебни училишта). Така во табела 8 даден е скорот за вкупното насилство кај сите испитаници и стандардното отстапување. Забележуваме дека аритметичката средина изнесува М=20,10 што е под теоретскиот аритметички скор Мт=22,00 (вкупна аритметичка средина за целиот примерок), но сепак укажува на голема мера на постоење на насилство во училиштата, а стандардното отстапување е СД = 3,69.

**Табела 8. Степен на насиство кај целиот примерок**

| | N | Min | Max | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| Насилство | 243 | 14,00 | 35,00 | 20,10 | 3,69 |

Со цел да се добие подетална слика за целиот примерок пресметани се стандардни отстапувања и аритметички средини на манифестирање на насилството кај учениците според училиштата во кои учат (табела 15).

Од табелата се забележува дека средната вредност за степенот на насилство кај учениците од посебните средни училишта е (М=17) за ДСУ „Димитар Влахов“ и ДСУ „Наум Охридски“ или (М=19) за ДСУ „Партеније Зографски“. Добиените вредности се под средната вредност на насилство во сите училишта (М=20,10), што упатува на фактот дека навистина учениците во посебните училипшта во помала мера манифестираат насилно однесување од нивните врсници во редовните.

**Табела 9. Степен на манифестирање на насилтво кај учениците од посебните и редовните средни училишта**

| | | N | M | SD |
|---|---|---|---|---|
| Степен на манифестирано насилство | ДСУ „Јосип Броз Тито,“ | 34 | 14,0 | 2.18 |
| | ДСУ „Раде Јовчевски Корчагин“ | 32 | 23,2 | 3.26 |
| | СЕТУ „Михајло Пупин“ | 35 | 24,4 | 3.11 |
| | АСУЦ „Боро Петрушевски“ | 44 | 28,1 | 2.98 |
| | ДСУ „Здравко Цветковски“ | 40 | 26,5 | 1.61 |
| | ДСУ„Димитар Влахов“ | 17 | 17,0 | 3.90 |
| | ДСУ „Партенија Зографски“ | 24 | 19,9 | 4.55 |
| | ДСУ „Наум Охридски“ | 17 | 17,0 | 3.27 |

Со цел да се потврди/отфрли хипотезата и да се пресмета дали постојат разлики во степенот на насилно однесување меѓу средните училишта, направена е АНОВА за утврдување на разликите меѓу групите во табела 10. Резултатите ни покажуваат дека (скорот на F тест добиен со метод АНОВА) F=3,138, односно p>0.001), а со тоа може да се утврди дека постојат статистички значајни разлики меѓу средните училишта, односно се потврдува првата хипотеза дека учениците со посебни образовни потреби манифестираат насилно однесување со незначителна опасност и помали штетни последици.

**Табела 10. Значајност на разлики во манифестирањето на насилното однесување пресметана со помош на АНОВА**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 10,237 | 7 | 1,462 | 3,138 | ,003 |
| Во групите | 109,500 | 235 | ,466 | | |
| Вкупно | 119,737 | 242 | | | |

Од податоците добиени во Табела 8, 9 и 10 ја ***потврдуваат хипотезата која гледаше дека учениците со посебни образовни потреби во помал степен и со послаб интензитет манифестираат насилно однесување.***

## 2.2 Се претпоставува дека кај поголем број ученици доминира психичкото насилство

Во адолесцентниот период младите се соочуваат со разни тешкотии и компликации кои произлегуваат од бројните трансформации, со кои понекогаш не можат успешно да се справат. Паѓајќи од еден во друг конфликт, доаѓа до една психичка криза на нивната личност, која што резултира со повлекување во себе, чувство на помала вредност, депресија, анксиозност или пак кај некои со манифестирање на видливи знаци на насилство: озборување, ширење лоши зборови, игнорирање, отфрлање, закани, оштетување туѓи предмети, крадење и останати форми на психичко насилство кои во посериозни ситуации може да прераснат во физичко или сексуално насилство.

Присутноста на овие форми на психичко насилство, заедно со останатите форми на физичко и сексуално насилство кај младите, беа испитувани во прашалниците пополнувани од страна на учениците и класните раководители.

Детален приказ на нивните одговори во однос на овие прашања е изложен во табела 4, 5, 6 и 7, а во согласност со тоа, одговорите на учениците и класните раководители се категоризирани во три групи: псхичко, физичко, сексуално насилство.

Во табела 11 може да се забележи дека од сите видови насилства, психичкото насилство е присутно во најголема мера е и според одговорите на учениците (M=4.76) и според одговорите на класните раководители (M=4.71), со тоа што класните раководители во помала мера го евидентираат насилството од учениците, но сепак психичкото насилство е најдоминантно.

Според податоците прикажани на табела 11 може да се заклучи дека сепак постојат разлики во перцепцијата на разните форми на насилство од страна на учениците и од страна на класните раководители.

Разликите во перцепцијата на различните форми на насилство меѓу учениците од една и класните раководители од друга страна, може добро да се види на слика бр.5.

**Табела 11. Видови на насилство кај учениците во училиштата**

| Вид на насилство | | M | Σ | T | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Психичко насилство | Ученици | 4.76 | 2.68 | .80 | >.05 |
| | Класни раководители | 4.71 | 2.71 | | |
| Физичко насилство | Ученици | 4.67 | 3.67 | 1.43 | >.05 |
| | Класни раководители | 3.70 | 4.01 | | |
| Сексуално насилство | Ученици | 1.34 | 2.33 | 1.36 | >.05 |
| | Класни раководители | .86 | 1.75 | | |




**Слика 5. Графички приказ на видовите насилство според учениците и класните раководители**

Поаѓајќи од главниот проблем на ова истражување, со помош на т-тест направивме споредба на одговорите за видовите на насилство кај учениците од редовните и посебните средни училишта, табела 12.

Така, кога станува збор за психичкото насилство постои статистички значајна разлика меѓу учениците од РСУ и ПСУ (т=5.59, p<0.01), исти резултати се добиени и за физичкото насилство (т = 5.19, p<0.01) и сексуалното насилство (т=2.20, p<0.05), што укажуваат дека учениците од РСУ  во поголема мера ги манифестираат овие видови насилство.

И тука, повторно може да се забележи дека психичкото насилство е најдоминантно, но постојат разлики во зависност од видот на училиште во рамки на

сите видови насилства, односно учениците од РСУ во поголема мера ги манифестираат сите видови на насилство за разлика од учениците од ПСУ. Овие разлики се евидентни на слика 6.

.

**Табела 12. Видови на насилство според учениците**

| Вид на насилство | | M | σ | T | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Психичко насилство | Ученици од РСУ | 4.91 | 3.26 | 5.59 | <.01 |
| | Ученици од ПСУ | 3.69 | 2.10 | | |
| Физичко насилство | Ученици од РСУ | 4.81 | 4.10 | 5.19 | <.01 |
| | Ученици од ПСУ | 2.36 | 1.55 | | |
| Сексуално насилство | Ученици од РСУ | .57 | 1.58 | 2.21 | <.05 |
| | Ученици од ПСУ | .18 | .54 | | |




**Слика 6. Графички приказ на видовите насилство кај учениците од РСУ и ПСУ**

Резултатите прикажани во табела 11 и 12 целосно ***ја потврдуваат*** хипотезата која гласи *дека* ***кај учениците доминира психичкото насилство.***

## 2.3 Директната агресија и насилството се најчесто манифестирани форми на однесување

Покрај формите на насилство, во понатамошниот дел од прашалникот следуваат прашања кои се однесуваат на начинот на кој учениците го манифестираат насилството. На учениците и на класните раководители им беа понудени три одговори (директна агресија, индиректна и супституирана агресија).

Со помош на вкрстени табели ги вкрстувавме споредуваните варијабли: зачестеноста на директната, индиректната и супституираната агресија според учениците, според класните раководители и според членовите на стручниот тим, табела 13.

Во статистичката обработка на одговорите за начините на манифестирање на насилството според учениците, класните раководители и стручните тимови, беше применет $X^2$ за да се направи споредба меѓу очекуваната и добиената фреквенција. Во рамките на оваа хипотеза беше очекувано дека учениците во најголема мера ја манифестираат директната агресија.

Но добиен е резултат $X^2=4.072$, при што $p=0.988$, што значи хипотезата не се потврди бидејќи вредноста за $p>0.05$. Ако подобро се разгледаат податоците добиени во табелата 13 ќе забележиме дека е евидентно дека индиректната агресија е онаа која е доминантна кај учениците од редовните и посебните средни училишта.

Врз основа на добиените податоци утврдивме дека индиректната агресија е најчест начин на манифестирање на насилството, односно учениците најчесто се служат со ширење невистини, озборувања, игнорирање, оштетуваат лични предмети и слично.

Во суштина, овој начин на манифестирање на насилството одговара на психо-социјалниот развој на испитаниците, односно адолесцентниот период.

Но при интервјуирањето на членовите на стручните тимови од посебните средни училишта констатиравме дека *учениците кои имаат интелектуална попреченост* (примарна и секундарна) *манифестираат само директна агресија.* Хипотеза која гласи дека ***директната агресија е најчест начин на манифестирање на насилство не се потврди,*** бидејќи ***индиректната агресија и насилството доминираат кај сите ученици,*** исклучок на учениците со интелектуална попреченост.

**Табела 13. Видови на агресија и нивна зачестеност кај учениците**

| | Зачестеност на насилството Ученици | | | | Зачестеност на насилството Класни раководители | | | | Зачестеност на насилството Стручен тим | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Начини на појава на агресијата | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш |
| **Директна агресија**- напад врз изворот на агресија, провокација, навреда | 59 | 135 | 46 | 3 | 32 | 62 | 6 | 1 | 5 | 4 | 1 | 1 |
| **Индиректна агресија**- со зборување зад грб, оштетување на лични предмети на ученикот | 42 | 130 | 66 | 5 | 27 | 70 | 10 | 4 | 3 | 6 | 1 | 1 |
| **Супституирана агресија**- со повредување на учениците кои седат околу него, кои не ги ограничуваат неговите потреби | 110 | 117 | 11 | 5 | 84 | 14 | 2 | 1 | 9 | 1 | 1 | 0 |

X2 = 4,072

p= 0,988

## 2.4 Учениците од машки пол во поголем степен манифестираат насилничко однесување

Генерално гледано момчињата се многу понасилни од девојчињата. Овие разлики се повеќе стануваат евидентни во почетокот на училишната возраст кога односот на родителите, наставниците и општеството е сосема поинаков кон момчињата во однос на девојчињата. Овој факт може да се објасни со тоа што прагот на толеранција кон насилното однесување кај машкиот пол е многу поголем и истото однесување во некои случаи може да се интерпретира како нормален образец на однесување. Многу често насилството, особено физичкото, се поврзува со припадниците од машки пол, па дури и Олвеус, (1978 г.) правел истражување во кое биле опфатени само момчињата, бидејќи се претпоставувало дека девојчињата не се соочуваат со ваков проблем.

Поттикнати од овие тврдења во рамките на прашалниците наменети за класните раководители и членовите на стручните тимови беа опфатени прашања кои се однесуваа на половата застапеност кај учениците, кои се јавуваат како вршители на насилство.

Во текот на интервјуата водени со претставниците на стручните тимови и со класните раководители забележавме дека во некои училишта процентуалната застапеност на машкиот пол е доминантна и далеку поголема во однос на женскиот пол. Оттука очекувано е дека машките во поголема мера ќе се јавуваат како вршители на насилство.

Од податоците прикажани на табела 14 може да се констатира процентуалната застапеност на учениците според полот.

**Табела 14. Полова застапеност кај учениците**

| Училиште | Машки пол (%) | Женски пол (%) |
|---|---|---|
| ДСУ „Јосип Броз Тито“ | 40 | 60 |
| ДСУ„Раде Јовчевски Корчагин“ | 50 | 50 |
| СЕТУ„Михајло Пупин“ | 98.3 | 1.7 |
| АСУЦ „Боро Петрушевски“ | 70 | 30 |
| ДСУ „Здравко Цветковски“ | 65 | 35 |
| ДСУ „Димитар Влахов“ | 55.56 | 44.44 |
| ДСУ „Партеније Зографски“ | 70 | 30 |
| ДСУ„Наум Охридски“ | 74.66 | 25.34 |

Резултатите во табела 14 се евидентни, застапеноста на машкиот пол во речиси сите училишта е поголема, а во некои и доминантна (СЕТУ „Михајло Пупин"), Слика 7.




**Слика 7. Приказ на застапеноста на учениците според полот**

Важно е да се напомене, дека во текот на спроведувањето на интервјуто со членовите на стручните тимови дел од нив потенцираа дека постојат разлики во однос на видовите на насилство кај машкиот и женскиот пол. Поточно, кај ***машкиот пол*** доминантно е ***физичкото насилство*** а додека кај ***женскиот пол*** присутна е вербалната агресија, односно ***психичкото насилство***. Но, генерално се изнесоа дека учениците од машки пол се позастапени како вршители на насилничко однесување.

За докажување/отфрлање на ова хипотеза применивме т-тест за значајност на разлики за да се утврдат разликите меѓу извршувањето на насилството кај учениците од различен пол.

Од табела 15 со помош на т-тестот за утврдување на разлики меѓу групите, може да се заклучи дека постојат статистички значајни разлики меѓу учениците од машки и учениците од женски пол во однос на психичкото насилство ($t(145) = 5.29$, $p<.01$), физичкото насилство ($t(145) = 5.19$, $p<.01$), сексуалното насилство ($t(145) = 2.20$, $p<.05$) и занемарувањето ($t(145) = 3.74$, $p<.01$). Наведените разлики укажуваат дека учениците од машки пол почесто извршуваат насилство.

**Табела 15. Видови на насилство според полот**

| Вид на насилство | Пол | M | σ | T | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Психичко насилство | Машки | 13.90 | 3.16 | 5.29 | <.01 |
| | Женски | 11.59 | 2.00 | | |
| Физичко насилство | Машки | 13.81 | 4.10 | 5.19 | <.01 |
| | Женски | 11.36 | 1.55 | | |
| Сексуално насилство | Машки | 1.57 | 1.58 | 2.20 | <.05 |
| | Женски | .18 | .54 | | |
| Занемарување | Машки | 1.30 | 1.89 | 3.74 | <.01 |
| | Женски | .45 | .84 | | |

Добиените резултати од Табела 15 ја потврдија хипотезата според која учениците од машки пол во поголем степен манифестираат насилничко однесување, бидејќи разлики меѓу двете споредувани групи постојат, и тие разлики меѓу двата пола се јавуваат во однос на психичкото, физичкото, сексуалното насилство и занемарувањето, Слика 8.




**Слика 8. Приказ на видот на насилство според полот на учениците**

Резултатите од Табела 15 ***ја потврдија*** хипотезата која гласи: ***учениците од машки пол во поголем степен манифестираат насилничко однесување.***

## 2.5 Манифестирањето на насилничкото однесување кај учениците од различните етнички групи е пропорционално на нивната процентуална застапеност во училиштата

Резултатите од испитувањето на насилничкото однесување кај учениците во зависност од нивната етничката припадност според класните раководители и членовите на стручните тимови се прикажани во табела 16 и истите се дадени во проценти, а потоа е пресметана и просечната аритметичка средина за манифестирање на насилното однесување кај секоја етничка припадност.

**Табела 16. Застапеност на учениците според етничка припадност**

| | Класни раководители | | Стручни соработници | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Етничка припадност** | % | f | % | f | M |
| Македонци | 26,1 | 29 | 24,7 | 26 | 14,59 |
| Албанци | 47,7 | 35 | 51,1 | 54 | 14,81 |
| Турци | 2,7 | 3 | 3,9 | 4 | 12,36 |
| Роми | 5,4 | 6 | 4,7 | 6 | 11,57 |
| Власи | ,9 | 1 | 0,4 | 1 | 11,18 |
| Босанци | 3,6 | 4 | 2,9 | 3 | 11,30 |
| Срби | 9 | 1 | 1,6 | 2 | 11,45 |
| Не дале одговор | 12,6 | 14 | 10,6 | 12 | 13,90 |

Според податоците прикажани на табела 16, може да констатираме дека најмногу насилство манифестирале учениците од албанска етничка припадност (M=14.81), а веднаш по нив се учениците од македонска националност (M=14.59), што не е во корелација со процентуалната етничка застспеност на учениците во испитуваните училишта.

Меѓутоа процентуалната застапеност на учениците од разна етничка припадност не е релевантна бидејќи случаите на насилство се евидентирани поединечно. Тоа значи дека еден ученик од одредена етничка припадност може да се јавува како сторител на насилство во повеќе наврати.

Сепак потребно е да имаме предвид дека процентуалната застапеност на останатите националности е значително помала, па оттука очекувано е намалена појава на насилно однесување кај овие групи ученици. Токму поради тоа, во табела

17 при испитување на разликите меѓу групите на ученици со помош на АНОВА не се земени предвид учениците од влашка и српска националност.

На слика 9 може да се видат разликите во примерокот според етничката припадност и манифестирањето на насилно однесување.




**Слика 9. Приказ на насилството според етничката припадност**

Со цел да се утврди дали постојат статистички значајни разлики меѓу споредуваните групи пресметана е АНОВА и утврдено е дека групите меѓу себе се разликуваат во однос на манифестирањето на насилство (F=2,751, p<0,012).

**Табела 17. Значајност на разлики меѓу групите со различна етничка припадност во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 221,254 | 7 | 31,608 | 2,751 | ,012 |
| Во групите | 1183,521 | 103 | 11,490 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Хипотезата која гласи дека ***манифестирањето на насилничкото однесување кај учениците од различните етнички групи е пропорционално на нивната процентуалната застапеност во училиштата*** целосно ***се потврди*** според резултатите добиени во табела 16 и 17 и слика 9.

## 2.6 Учениците со насилничко однесување постигнуваат послаби училишни резултати (училиштен успех, редовност и поведение)

Училиштниот успех е еден од можните ризик фактори за кој претпоставуваме дека влијае во појавата на насилно однесување кај адолесцентите. Одговорите на ова прашање се изнесени во табела 18 од страна на класните раководители и стручните соработници.

**Табела 18. Насилство и училишен успех**

| Училишен успех | Класни раководители (%) | Стручни соработници (%) | М (насилство) |
|---|---|---|---|
| Слаб | 45,6 | 57,6 | 21.90 |
| Добар | 26,1 | 22,5 | 17.59 |
| Одличен | 28,3 | 19,9 | 18.81 |

Добиените податоци укажуваат на одредена поврзаност на насилното однесување со училиштниот успех кај учениците, без последователен ред.

Тоа не значи дека насилството е предодредено само кај учениците со слаби училишни постигнувања, бидејќи истото го манифестираат и ученици кои покажале добар и одличен училишен успех.

Според нивните искази најмногу насилно однесување манифестираат учениците со слаб успех (М=21.90), по нив следуваат оние со одличен успех (М=18.81), а најмалку учениците со добар успех (М=17.59), шематски праказ на слика10.




**Слика 10. Училишен успех и појава на насилно однесување**

Со цел да се утврди дали постои статистичка поврзаност помеѓу насилството и училишните резултати, пресметан е Пирсонов коефициент на корелација за четирите видови на насилство и училишниот успех.

Во добиените податоци се гледа дека не постои поврзаност помеѓу: психичкото насилство и слабиот успех на учениците ($r=0.479$, $p<0.01$), добриот успех ($r=0.331$, $p<0.01$) и одличниот успех ($r=0.456$, $p<0.01$); физичкото насилство и слабиот успех на учениците ($r=0.520$, $p<0.01$), добриот успех ($r=0.442$, $p<0.01$) и одличниот успех ($r=0.532$, $p<0.01$); и занемарувањето и одличниот успех на учениците ($r=0.371$, $p<0.01$), добриот успех ($r=0.312$, $p<0.01$) и одличниот успех ($r=0.378$, $p<0.01$).

Во врска со оваа варијабла, утврдивме дека без оглед на училишнот успех, учениците манифестираат психичко, физичко насилство и ги занемаруваат останатите соученици.

Тврдењето сосема се поклопува со ставовите на стручните соработници, кои во текот на интервјуто, посебно нагласија дека учениците со високи интелектуални капацитети многу повеќе се јавуваат како сторители на насилство (пр. насилство преку смс-пораки, етикетирачки слики на Facebook, кршење училишен инвентар и објавување на настанот на youtube, сл.). Што пак кај учениците со среден успех се забележува присуство на редовност, одговорност и интелектуална тапост, која ги води кон постојана борба да го достигнат училишниот успех на нивните соученици.

**Табела 19. Корелација меѓу училишните постигнувања и видовите насилство**

| Вид на насилство | Училишен успех | | |
|---|---|---|---|
| | Слаб (r) | Добар (r) | Одличен (r) |
| Психичко насилство | .479** | . 331** | .456** |
| Физичко насилство | .520** | .442** | .532** |
| Сексуално насилство | .140 | .046 | .110 |
| Занемарување | .371** | .312** | .378** |

df =109 ; **Корелација значајна на ниво p<.01 *Корелација значајна на ниво p<.05

Во согласност со податоците добиени во табела 19, може да се заклучи дека хипотезата која гласеше: ***учениците со насилничко однесување постигнуваат послаби училишни резултати (училиштен успех, редовност и поведение) делумно се потврди.*** Односно, не постои статистички значајна разлика во манифестирањето на насилството кај учениците со различни училишни постигнувања.

## 2.7 Најголем број од учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од родители со ниска образовна структура

Родителите на учениците кои манифестираат насилно однесување се разликуваат според образовната структура.

Во табела 20 прикажан е степенот на образование на таткото според одговорите на класните раководители и стручните соработници.

Според добиените резултати ниту еден од родителите на учениците кои манифестираат насилство нема завршено високо образование. Податоците од табела 20 укажуваат дека 43,2% (стручен тим) и 34,2% (класни раководители) од родителите се со неоформено основно образование. Останатите 33% се со основно образование, а 20-25% со средно образование. Графички прикажано на слика 11.

**Табела 20. Образовна структура на таткото**

| | Класни раководители% | Стручни соработници (%) |
|---|---|---|
| Не дале одговор | 7,2 | 3 |
| Неоформено основно образование | 34,2 | 43,2 |
| Основно образование | 33,3 | 33,2 |
| Средно образование | 25,2 | 20,6 |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 |




**Слика 11. Образовното ниво на таткото и насилството кај учениците**

**Табела 21. Значајност на разлики меѓу групите (татковци) со различен степен на образование во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 122,893 | 3 | 40,964 | 3,419 | ,05 |
| Во групите | 1281,882 | 107 | 11,980 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Со помош на АНОВА (табела 21) утврдено е дека постојат разлики меѓу родителите со различен степен на образование во однос на тоа колку ученикот манифестира насилно однесување (F=3,419, p<0,05), односно колку образованието на таткото е повисоко, толку манифестирањето на насилство е помало.

Исто како и за татковците, пресметана е фрекефенција за образовната структура на мајките (според класните раководители и стручните соработници), а подоцна направена е АНОВА за да се утврди присуство на евентуалните разлики.

**Табела 20. Образовна структура на мајката**

| | Класни раководители (%) | Стручни соработници (%) |
|---|---|---|
| Не дале одговор | 12,6 | 10,1 |
| Неоформено основно образование | 18,9 | 20,6 |
| Основно образование | 27,9 | 24,5 |
| Средно образование | 36,9 | 33,9 |
| Вишо и високо образование | 3,6 | 10,8 |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 |

Од табела 20, може да се забележи дека мајките на најголемиот број ученици со насилно однесување се со средно образование (33-37%), помалку застапени со оние со основно образование (24-28%), а најмалку присутни се мајките со вишо и високо образование (4-11%). Шематски прикажано на слика 12.




**Слика 12. Образовното ниво на мајката и насилството кај учениците**

**Табела 22. Значајност на разлики меѓу групите (мајки) со различен степен на образование во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 249,606 | 5 | 49,921 | 4,538 | ,01 |
| Во групите | 1155,169 | 105 | 11,002 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Со помош на АНОВА (табела 22.) утврдено е дека постојат разлики меѓу родителите со различен степен на образование во однос на тоа колку ученикот манифестира насилно однесување ($F=4,538$, $p<0,01$), односно колку образованието на мајката е повисоко, толку манифестирањето на насилство е помало.

Според податоците прикажани на табелите 20 и 21, како и според статистичките постапки за утврдување на значајноста на разликите меѓу споредуваните групи (родители со различен степен на образование) може да констатираме дека културно-образовната депривација влијае врз однесувањето кај децата и младите.

Исто така и истражувањата на Киткањ (2009 г.) укажуваат на тоа дека најголемиот број на малолетници кои биле во судир со законот потекнуваат од

семејства чии родители се со низок степен на образование (основно или неоформено основно образование). (Киткањ, 2009:135)

Според приложените податоци во табела 21 и табела 22, како и графичкиот приказ на слика 11 и слика 12, хипотезата која гласеше: ***најголем број од учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од родители со ниска образовна структура, се потврди.***

## 2.8 Учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од дисфункционални семејства

Обработувајќи го семејството како еден од ризик факторите во појавата на агресија и насилство кај адолесцентите, преку интервјуто со стручните соработници добивме податоци за функционалноста на семејствата од кои потекнуваат учениците со насилно однесување.

**Табела 23. Функционалноста на семејството и насилството кај учениците**

| | Стручни соработници | |
|---|---|---|
| | фрекфенција | % |
| Не дале одговор | 13 | 11,7 |
| Функционално | 48 | 43,2 |
| Дисфункционално | 50 | 45,1 |
| Вкупно | 111 | 100,0 |

Кога станува збор за функционалноста и дисфункционалноста на семејствата од каде потекнуваат учениците, нивниот број (според **f**) е речиси изедначен. Односно, во табела 23 се забележува дека 45% од овие ученици потекнуваат од дисфункционални семејства, а додека 43% од функционални семејства.

Не постои значајна процентуална разлика меѓу учениците кои потекнуваат од функционални и дисфункционални семејства во поглед на манифестирањето на насилство.

**Табела 24. Значајност на разлики меѓу семејствата со различна функционалност во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 229,841 | 4 | 57,460 | 5,184 | ,01 |
| Во групите | 1174,934 | 106 | 11,084 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Со АНОВА се пресметани разликите меѓу учениците од функционалните и учениците од дисфункционалните семејства за да се утврди степенот на општествена опасност на насилничкото однесување при што е констатирано p‹0,001 што укажува дека учениците кои поткнуваат од дисфункционални позачестено ги манифестираат испитуваните форми на насилство. (F=5,184, p<0,01), Табела 24. Резултатите од табела 23 и табела 24 ја ***потврдуваат*** хипотезата која гласи: ***учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од дисфункционални семејства.***

## 2.9 Претпоставуваме дека учениците со нарушено поведение потекнуваат од семејства со неадекватни семејно-материјални можности

Со цел подлабоко да ги истражиме ризиците кои доведуваат до појава на агресија и насилство кај адолесцентите, во рамките на протоколот на интервјуто спроведувано со стручните соработници беше опфатено прашањето за семејно-материјалните можности на живеење кај овие ученици.

Во табела 25 даден е приказ на примерокот во однос на станбено-материјалните можности, а потоа е пресметана АНОВА, табела 26.

**Табела 25. Семејно-материјални прилики и манифестирањето на насилство**

| | Стручни соработници | |
|---|---|---|
| | фреквенција | % |
| Не дале одговор | 10 | 9,0 |
| Незадоволителни | 43 | 38,7 |
| Задоволителни | 16 | 14,4 |
| Многу добри | 6 | 5,4 |
| Комбинирани | 36 | 32,4 |
| Вкупно | 111 | 100,0 |

Според исказите добиени од стручните соработници во текот на интервјуто, најголем број ученици со насилно однесување живеат во незадоволителни услови 39% (сиромаштија, беда), помалку во комбинирани услови 32%, а најмалку кај оние кои живеат во многу добри 5% семејно-материјални можности.

Во табела 26 со помош на АНОВА се утврди дека постои статистички значајна разлика, односно дека учениците кои потекнуваат од семејства со незадоволителни семејно материјални можности повеќе се склони кон манифестирање на насилно однесување ($F=3.556$, $p<0,01$),

**Табела 26. Значајност на разлики меѓу семејствата со различни семејно матријални односи во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 166,198 | 4 | 41,549 | 3,556 | 0,01 |
| Во групите | 1238,577 | 106 | 11,685 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Резултатите кои се однесуваат на оваа хипотеза се компатибилни со истражувањето на Киткањ (2009 г.) кои укажуваат на тоа дека поголемиот број на малолетни престапници потекнуваат од семејства со ниски материјални примања. (Киткањ, 2009:132)

Може да се заклучи дека хипотезата ***учениците со нарушено поведение потекнуваат од семејства со неадекватни семејно-материјални можности се потврди,*** во поголема мера манифестираат насилно однесување, според резултатите прикажани во табела 25 и табела 26.

## 2.10 Неадекватното користење на ТВ-медиумите и социјалните мрежи (facebook, MySpace, Linkdin, twitter,Hi5) го зголемува насилството и агресивноста кај младите

Неконтролираното користење на електронските и печатените медиуми и социјалните мрежи негативно се рефлектира врз развојот на децата и младите поради што се почесто манифестираат насилство и други неприфатливи форми на однесување.

И покрај препораките на Советот за радиодифузија за прикажување на одредени негативните содржини на медиумите и социјалните мрежи, истите често се гледани од малолетните лица.

Меѓудругото ритамот и темпото на живот што го наметнува транзицијата е дополнителен проблем кој ја оневозможува контролата на родителите за користење на социјалните мрежи на нивните деца од една страна, а од друга страна недостаток на време за задоволување на психосоцијалните потреби на децата.

Во табела 27 даден е приказ на одговорите на учениците, класните раководители и членовите на стручните тимови за појавата на насилство во медиумите. Добиените одговори се категоризирани во четири групи според зачестеноста на насилството (никогаш/понекогаш/често/секогаш влијаат во појавата на насилство). Врз основа на добиените (f) вредност се забележува дека учениците многу гледаат телевизија и во неограничена мера користат социјални мрежи.

**Табела 27. Медиумите и манифестирањето на насилство**

| | | Зачестеност на насилството (f) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Никогаш | Понекогаш | Често | Секогаш |
| Ученици | ТВ Медиуми | 53 | 110 | 55 | 25 |
| | Социјални мрежи | 52 | 120 | 50 | 21 |
| Класните раководители | ТВ Медиуми | 4 | 59 | 38 | 10 |
| | Социјални мрежи | 5 | 47 | 48 | 11 |
| Стручни соработници | ТВ Медиуми | 3 | 7 | 7 | 1 |
| | Социјални мрежи | 2 | 9 | 6 | 1 |
| | М насилство | 19,23 | 17,67 | 22,23 | 20,24 |

За утврдување на точноста на тврдењето, извршивме статистичка обработка на податоците според која констатиравме дека ТВ-медиумите и социјалните мрежи

во голема мера влијаат врз манифестирањето на насилното однесување, односно дека не постојат разлики во однос на споредуваните групи (адекватно/неадекватно).

**Табела 28. Значајност на разлики меѓу адекватното и неадекватното користењето на социјалните мрежи во однос на манифестирањето на насилство**

| | Сума на квадрати | Df | Квадрат на аритемтичка средина | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓу групите | 45,645 | 3 | 15,215 | 1,198 | ,314 |
| Во групите | 1359,130 | 107 | 12,702 | | |
| Вкупно | 1404,775 | 110 | | | |

Хипотезата која гласи дека ***неадекватнто користење на социјалните мрежи (Facebook, MySpace, Linkdin, Twitter, Hi5) го зголемува насилството и агресивноста кај младите не се потврди***, односно без оглад на тоа во која мера користатат (или не користат) социјални мрежи и ТВ-медиуми младите манифестираат и агресивно и насилно однесување, според табела 27 и табела 28.

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 3.1 Заклучок

Во спроведеното истражување беа вклучени 243 ученици од I до IV година, 111 класни раководители и 18 членови на стручните служби од осум средни државни училишта во Скопје. Од добиените резултати добивме релевантен приказ на степенот и различните појавни облици на насилничкото однесување кај адолесцентите.

Поконкретно, се потврди хипотезата *дека* ***учениците со посебни образовни потреби во помал степен и со послаб интензитет манифестираат насилно однесување***, односно *помалку и поретко се јавуваат како негови вршители*, табела 4, 5, 6,и 7.

Но заедничка карактериситка на учениците од двете популациони групи е присуството на ***психичкото насилство***, како ***доминантен вид*** (според одговорите на учениците (M=4.76) и според одговорите на класните раководители (M=4.71)), со тоа што *класните раководители во помала мера го евидентираат насилството од учениците,* табела 11. Овие разлики во перцепциите на насилството од страна на учениците и класните раководители зборуваат дека резултатите не се ослободени од субјективизмот и давање на социјално пожелни одговори, а тоа, пак, ни ја наметнува констатацијата дека истите се обидуваат да покажат лажна слика за состојбата во која се наоѓаат училиштата и со тоа уште повеќе ја влошуват реалноста.

Како што веќе напоменавме психичкото насилство е доминантен вид на насилно однесување кај учениците, а тоа, пак, ни укажува на точноста на следната хипотеза според која ***индиректната агресија е најчест начин на манифестирање на насилството*** (табела 13.), односно учениците најчесто се служат со ширење невистини, озборувања, игнорирање, оштетуваат лични предмети и сл. што во суштина одговара на психо-социјалниот развој на испитаниците. Единствено од ова тврдење се исклучуваат групата *испитаници* кои се *со интелектуална попреченост* кои *можат да манифестираат само директна агресија.*

***Припадниците на машкиот пол се позастапени како вршители на насилничко однесување*** (табела 14 и табела 15), поточно на ***физичкото насилство,*** а додека кај ***женскиот пол*** присутна е вербалната агресија, односно ***психичкото насилство***.

Еден од можните ризик фактори кои се поврзуваат со насилството е етничката припадност кај адолесцентите. Во однос на оваа варијабла дојдовме до констатација дека ***манифестирањето на насилничкото однесување кај учениците од различните етнички групи е пропорционално на нивната процентуална застапеност во училиштата,*** според резултатите добиени во табела 16 и табела 17 и слика 9. Во конкретниот примерок тоа се учениците од албанска националност (M=14.81) кои во најголема мера манифестираат насилно однесување, а веднаш по нив се учениците од македонска националност (M=14.59).

Покрај овој ризик фактор, во рамките на истражувањето беше подетелно разработено семејството како причина за појава на насилство и агресија кај адолесцентите. Во прилог на тоа направивме испитување на функционалноста на семејствата, семејно-материјалните можности на живеење и образовната структура на родителите кај оваа категорија на ученици.

Со примена на АНОВА-метод дојдовме до констатации со кои ни се потврдија испитуваните хипотези:

- ***Најголем број од учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од родители со ниска образовна структура,*** односно колку образованието на родителите е повисоко, толку манифестирањето на насилство е помало, според табела 21 и табела 22 како и графичкиот приказ на слика 11 и слика 12.
- ***Учениците кои манифестираат насилство потекнуваат од дисфункционални семејства,*** според резултатите од табела 23 и табела 24.
- ***Учениците со нарушено поведение потекнуваат од семејства со неадекватни семејно-материјални можности се потврди,*** според резултатите од табела 25 и табела 26.

И покрај точноста на овие хипотези, многу важен факт на кој наидовме во текот на испитувањето и средбите со стручните соработници е дека не треба да се исклучува можноста и кај функционалните семејства или т.н. потполни семејства кај кои отсуствува присуство на било какви социо-патолошки појави, кои живеат во многу добри семејно-материјални услови со целосно задоволени потреби и чии

родители се со високо образование, практично е докажано дека може да произлезат насилни адолесценти. Со што се отвора тема за ново истражување.

